# Прирачник

## ЗА РАНА ДЕТСКА ПРОЦЕНА

### (ОД РАЃАЊЕ ДО ПЕТ ГОДИНИ)



Осовременување на универзитетските

наставни програми за рана интервенција

Еразмус+ проект бр: 2021-1-МК01-КА220-HED-000022981

НАЦИОНАЛНА АГЕНЦИЈА
ЗА ЕВРОПСКИ ОБРАЗОВНИ
ПРОГРАМИ И МОБИЛНОСТ

Erasmus+

Издавач

*Драган Даскаловски*

Компјутерска обработка

*Никола Минов*

CIP - Каталогизација во публикација Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје
159.922.73-057.2(035)

ПРИРАЧНИК за процена на раниот детски развој [Електронски извор] : (раѓање до 5 години)/ [Драган Даскаловски ... [и др.] ; илустратор Лилјана Србиновска. - Скопје : Д. Даскаловски, 2022

Начин на пристапување (URL):
https://repository.ukim.mk/handle/20.500.12188/25303 - Текст во ПДФ
формат, содржи 99 стр., илустр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 27.12.2022. - Други автори: Александра Каровска Ристовска, Горан Ајдински, Наташа Чичевска-Јованова, Оливера Рашиќ-Цаневска, Даниела Димитрова-Радојичиќ, Наташа Станојковска-Трајковска, Маја Филиповска, Ивана Матлијовска Ристоски. - Библиографија: стр. 97

ISBN 978-608-66978-0-8

1. Даскаловски, Драган [автор] 2. Каровска Ристовска, Александра [автор] 3. Ајдински, Горан [автор] 4. Чичевска-Јованова, Наташа [автор] 5. Рашиќ-Цаневска, Оливера [автор] 6. Димитрова-Радојичиќ, Даниела [автор] 7. Станојковска-Трајковска, Наташа [автор] 8. Филиповска, Маја [автор] 9. Матлијовска Ристоски, Ивана [автор] а) Детски развој -- Рана идентификација -- Нарушување на слух -- Прирачници б) Детски развој -- Рана идентификација -- Нарушување на вид -- Прирачници

COBISS.MK-ID 59053829

Осовременување на универзитетските наставни програми за рана интервенција

# Прирачник

## за процена на раниот детски развој

## (раѓање до 5 години)


ИЗРАБОТЕН ОД:

Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

Училница Даскаловски

Универзитет Ла Лагуна

Фредерик Универзитет



2022

**Прирачник за процена на раниот детски развој**
**(раѓање до 5 години)**

е изработен од:


Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

Александра Каровска Ристовска
Горан Ајдински
Наташа Чичевска-Јованова
Оливера Рашиќ-Цаневска
Даниела Димитрова-Радојичиќ
Наташа Станојковска-Трајковска
Маја Филиповска

Училница Даскаловски

Драган Даскаловски
Ивана Матлијовска Ристоски
Љупка Арсова Јуришиќ
Лилјана Србиновска

Универзитет Ла Лагуна

Олга Марија де ла Роса

Фредерик Универзитет

Ахилеос Ахилеас
Кристос Маркидес
Панајота Кириаку

Раното откривање на проблемите со видот и слухот, секогаш е приоритет на практичарите кои работат со деца, и секако има причина. Прво, нарушувањата во овие сензорни модалитети се чести, и доколку се значителни, можат перманентно да влијаат на детскиот развој. Второ, многу од нарушувањата во слухот и видот се функционално корективни.

Тестовите на видот кај децата најдобро се применуваат од страна на обучени стручни лица- офталмолози. Други практичари кои работат со деца придонесуваат за рана идентификација на оштетувањата на видот преку проактивно произнесување на загриженост, набљудување на визуелното однесување и барање дополнителен специјалистички преглед по потреба. Забележливи отстапки во видот, присуството на страбизам или абнормални движења на очите може да претставуваат карактеристики на ретка, сериозна состојба на очите или системски нарушувања како што се катаракта, глауком и ретинобластом, кои се опасни по видот, но и се лекуваат.

Најчестите нарушувања на видот кај децата се страбизам, амблиопија и оптички проблеми кои ја нарушуваат видната острина. Најмалку 2 проценти од децата имаат амблиопија, состојба на намален вид во која самото око е здраво, но поради разликата помеѓу видот на секое око или страбизмот, мозокот или ја потиснал или не успеал да ја развие видната функција. Обично е еднострано, но ретко може да биде билатерално. Околу 1 процент од доенчињата и 3-7 % од малите деца имаат страбизам.

Како главен сензорен модалитет, видот му овозможува на детето да го согледа и да комуницира со социјалниот и физичкиот свет.

**<u>Систематско истражување</u>**

Разговорот и интервјуирањето на родителите започнува со отворени прашања со цел да се извлечат какви било грижи:

■ Дали сте загрижени за видот на вашето дете?

■ Дали има нешто во врска со видот на вашето дете (начинот на кој тоа/тоа ги гледа работите) што ви предизвикува причина за загриженост?

ВИД И СЛУХ

*Видната острина е прилично слаба при раѓањето, но брзо се подобрува во текот на првите неколку месеци, достигнувајќи ги приближно нивоата на возрасните (приближно на возраст од 6-8 месеци).*

ОПСЕРВАЦИЈА/ ИСПИТУВАЊЕ

*Потребна опрема за испитување:*

***трошки или зрнца*** *(1-1,5 мм);* ***коцка*** *со димензии од 2,5 цм;* ***офталмоскоп; мала светилка.***

*До крајот на феталниот период, фетусот има редовни периоди на активности кога очите и ушите реагираат на стимулација*

Испитувањето е проследено со повеќе фокусирано проценување на однесување од аспект на видот кај детето, поврзано со возраста:

| | |
|---|---|
| **Од 1 недела** | • Дали вашето бебе се врти кон дифузна светлина?<br>• Дали вашето бебе зјапа во вашето лице? |
| **Од 2 недели** | • Дали вашето бебе гледа во вас, го следи вашето лице, ако се движите од една на друга страна?<br>• Дали вашето бебе ви возвраќа со насмевка?<br>• Дали очите на вашето бебе се движат заедно (симултано)? |
| **Од 6 недели** | • Дали вашето бебе разгледува наоколу со интерес?<br>• Дали вашето бебе се труди да дофати мали предмети?<br>• Дали сметате дека вашето бебе има страбизам? (На оваа возраст појавата на страбизмот не е типична, без разлика колку е мал или привремен) |
| **Од 9 месеци** | • Дали вашето бебе требе (чепка) и гребе многу мали предмети како што се трошки или зрнца од колачи со прсти? |
| **Од 12 месеци** | • Дали вашето бебе покажува на предметите кои ги сака?<br>• Дали вашето бебе ги препознава луѓето на другиот крај во просторијата, пред да му прозборат? |

*Промените во физичкиот развој од една генерација кај друга се познати како секуларни развојни трендови*

Tabela 1. Опсервирање на видната функција

| | | |
|---|---|---|
| **Реакција на светло** | Трепка на светкање и се врти кон дифузно светло | Новороденче |
| **Визуелна фиксација** | Фиксира и ги следи лицата кои се наоѓаат во близина | 6-8 недели |
| | Ги гледа возрасните на 1.5 метри | 4 месеци |
| | Фиксира коцка од 2,5 цм на далечина од 30 цм | 5 месеци |
| | Фиксира трошки од 1.5 мм на растојание од 30цм | 9 месеци |
| **Црвен рефлекс** [1] | Се користи офталмоскоп | При раѓање и 6-8 недели |
| **Абнормални движења на очите** | Посматрање на движењата на очите на детето додека фиксира предмет кој се држи пред неговите очи | Од раѓање па натаму |
| **Страбизам** | Тест за рефлекс на рожница, тест со покривање-откривање или тест со покривање со алтернација | Од 3 месеци |
| **Видна острина2** | Сонксен Силвер тест за визуелна острина | Од 3 години |
| | | |

[1] За да се исклучат сериозни состојби, на пр. ретинобластом и вродена катаракта.

[2] Формалните тестови за деца од предучилишна возраст најдобро се прават од ортоптичари.

**Страбизам**

Страбизам е состојба кога очите се насочени во различни насоки. Едно око може да биде свртено навнатре, нанадвор, нагоре или надолу додека другото око гледа право. Страбизмите се чести и погодуваат околу 1 од 20 деца. Тие обично се развиваат пред детето да наполни 5 години, но може да се појави и подоцна. До околу 3-месечна возраст, многу бебиња повремено манифестираат страбизам додека им се развива видот; сепак, постојаниот страбизам на која било возраст бара офталмолошки преглед-мислење.

Поголемиот дел од страбизмите се прво препознаени од родителите. Тестот за рефлекс на рожницата (Hirschberg тест) се изведува со вперување на светлина во очите на една личност и набљудување каде светлината се рефлектира на рожницата. Овој светлосен рефлекс е нормално централен и симетричен во двете очи. Кај дивергентен страбизам (егзотропија) рефлексијата на светлината се гледа на медијалниот дел на рожницата и кај конвергентниот страбизам (езотропија) на страничниот сегмент на рожницата (види илустрации). Некои страбизми може да не се видливи при таквиот преглед и може да се примени Тестот со покривање-откривање од страна на специјалист. Овие тестови не се секогаш лесни за изведување или толкување и неопходно е да се направи упатување до офталмолог, доколку постои какво било сомневање, родителска загриженост или семејна историја.

Слика 1. Тест на рефлекс на рожница (Тест на Корнеален рефлекс)



а) нормално: светлосната рефлексија е централна и симетрична.

б) изврртено око, надворешно изместување на светлосната рефлекс.

*Страбизмот исто така може да предизвика:*

*1. заматен вид*

*2. двојно гледање*

*3.мрзливо око (амблиопија) - кога мозокот почнува да ги игнорира сигналите што доаѓаат од окото со страбизам.*

***Црвени знаменца** за можни проблеми со видот*

- *Одблиску гледање на предметите*
- *Не реагира на фацијалната експресија на негувателот; не воспоставува контакт со очи*
- *Непредвидливи движења на очите*
- *Чешање, боцкање или триење на очите,*

**Слух**

Кондуктивното губење на слухот е исклучително честа појава. Најмалку половина од децата на предучилишна возраст имаат историја на една или повеќе епизоди на „лепливо уво“ или отитис медиа со излив (ОМИ). Постојаниот ОМИ, кој може да има негативни ефекти врз јазикот и однесувањето на децата, влијае на околу 5-10 проценти од децата. Пушењето од страна на родителите е фактор на ризик за децата да развивијат ОМИ. Значително сензо-неврално губење на слухот (СНГС), за кое е потребно слушно помагало, е присутно кај околу 16 на 10.000 деца. Одложеното идентификување на децата со вродено или стекнато губење на слухот може да резултира со дефицит во развојот на говорот и јазикот, слаби образовни достигнувања, тешкотии во однесувањето и емоционалните проблеми.

Неопходно е да се провери дали на детето му е направен неонатален скрининг на слухот и, доколку не е спроведен, потребно е детето да се упати кон испитување. Свеста за факторите на ризик (Рамка 2) ја формира основата за проактивно испитување на родителите и за упатување до локалните центри за аудиолошки испитувања. Тестовите за слух (Рамка 3) бараат соодветна обука и соодветно опкружување (средински услови) за тестирање и најдобро се спроведуваат од страна на аудиолошките центри.

*Субјективни впечатоци или лошо направените бихејвиорални тестови на слухот може да доведат до доцнење во идентификацијата на оштетен слух.*

**Опсервација/испитување**

Опсрвирање на слушното однесување во клинички услови:

- Се забележуваат реакциите на детето на звуци и разговори. Сепак, ваквите набљудувања често се нерелијабилни поради амбиентната бучава, визуелните стимулации или интересот на детето. Тестовите за проценување на слухот (слушното однесување) најдобро се спроведуваат во специјално звучно изолирана просторија од страна на обучени проценувачи.
- Општ лекар или педијатар треба да ги прегледа децата за кои постои сомневање дека имаат оштетен слух со знаци поврзани со вродени нарушувања, на пр. хетерохромија на ирисите, малформација на аурикулата или ушниот канал, дупчиња или кожни израстоци околу аурикулата, расцеп на усната или непцето, асиметрија или хипоплазија на структурите на лицето, микроцефалија и абнормална пигментација на косата или кожата.

**Рамка 1. Ризик фактори за конгенитален или стекнат губиток на слухот**

- Семејна историја за сензо-неврален губиток на слух
- Историја на инфекција на мајката за време на бременоста, на пр. токсоплазмоза, рубеола, херпес, цитомегаловирус и сифилис
- Краниофацијални аномалии на увото или другите делови
- Хипербилирубинемија која бара спроведување на екстрансфузија
- Родилна тежина помала од 1500 г.
- Генетски синдроми за кои е познато дека се вклучени во групата на (СНГС), пр. Dawn синдром, Waardenburg синдром
- Детски болести асоцирани со (СНГС), на пр. менингитис, заушки, сипаници
- Ототоксични медикаменти, пр. Гентамицин
- Повторлив или постојан Отитис медиа со излив (воспаление на средно уво) во тек од 3 месеци
- Траума на главата со фрактура на темпоралната коска
- Невродегенеративни заболувања, пр. Hunter синдром или демиелинизирачки заболувања како Фридрихова атаксија, Charcot-Marie-Tooth синдром.

Интервјуирањето на родителите е најважниот аспект на раната идентификација на оштетен слух во заедницата. Започнува со отворени прашања со цел да се нотира било каква загриженост:

- Дали на детето му е направен неонатален скрининг на слухот?
- Дали имате било каква загриженост за слухот на вашето дете?
- Дали има нешто во врска со слухот на вашето дете што ви дава причина за загриженост?

Следат повеќе насочени прашања поврзани со возраста на детето:

- **Од раѓање**
  - рефлексно реагира или трепка на силен звук
- **Од 1 месец**
  - се смирува со слушање на ненадеен продолжен звук како од правосмукалка
- **4 месеци**
  - се насмевнува или гуга како одговор на говорно обраќање кон него
- **6-7 месеци**
  - се врти за да го лоцира лицето кое зборува
- **9 месеци**
  - слуша внимателно и одговара со баблинг
- **12 месеци**
  - одговара кога го викаат по име

**Рамка 2. Проценка на слухот кај децата**

**Физиолошки тестови**

Овие тестови се спроведуваат во клиничките центри со цел да ја измерат кохлеарната реакција на звук и реакцијата на мозочното стебло:

- Евоцирана или автоматска отоакустична емисија
- Автоматски одговор на мозочното стебло

**Бихејвиорални тестови**

Овие тестови ја проценуваат реакцијата на детето кон звуците. Најдобро е да се спроведуваат во специјални звучно изолирани центри, од страна на обучени проценувачи, користејќи стандардна опрема и избегнувајќи визуелни дразби.

- Слушен тест за дистракција : 7-18 месеци
- Игровна аудиометрија: 2-4 години. Распонот на вниманието на детето може да го ограничи успехот на тестот
- Конвенционална аудиометрија (говор и различни фреквенции се репродуцираат како специфични стимули преку слушалки): од 3.5 години.

**Што да направите ако има загриженост или абнормален наод при набљудување/испитување?**

Практичарите треба да ги разјаснат и потврдат сите грижи на родителите и да имаат низок праг за упатување до аудиолог или ортоптичар/офталмолог, во согласност со политиката или достапноста на услугите на локално ниво. Децата со слаб слух или вид, исто така, може да имаат потреба од развојни насоки и рани образовни совети од страна на специјални едукатори и рехабилитатори, за што е потребно упатување до локалните сервисни служби.

***Црвени знаменца за можни проблеми со слухот***

- *Недостаток на одговор на гласови*
- *Недостаток на одговор на звуците од околината*
- *Слушање ТВ/радио со гласна јачина*
- *Невнимание*
- *Нерасположение во градинка/училиште*
- *Проблеми со говорот и јазикот.*

## Моторен развој: од раѓање до 1 година

За време на доенечкиот (инфантилен) период, децата стекнуваат мускулна сила, рамнотежа и координација; ги губат примитивните рефлекси и добиваат заштитни рефлекси, се менува мускулниот тонус и се подобрува држењето на телото. Тие стануваат подвижни самостојно. Проценувањето на моторниот развој не се потпира само на пресвртниците (скоковите) на развојот, туку вклучува квалитативни набљудувања на држењето на телото, во мирување и во движење; секое невролошко оштетување; и информации во врска со семејството и историјата на раѓање.

Повеќето деца (80 %) седат независно помеѓу 7 месеци (средна возраст) и 11 месеци (97ми центил) и одат помеѓу 13 месеци (средна возраст) и 18 месеци (97ми центил). Околу 9 % од децата не лазат пред одење и се влечат со седалниот дел (задникот) по подот, често имаат семејна историја на влечење по подот и/или слаб мускулен тонус; тие исто така многу доцнат со независно седење (12 месеци средна возраст, 15 месеци 97-ми центил) и независно одење (17 месеци средна возраст и 24 месеци 97ми центил). Постои мала група на деца (1 %) кои целосно го прескокнуваат лазењето или влечењето по под и преминуваат директно на самостојно одење, малку пред остатокот од нивната врсничка група (средна возраст од 11 месеци и 97-ми центил од 14 месеци). Сите овие три групи имаат нормални модели. Сепак, невролошки преглед се препорачува за оние кои не одат до 18 месеци за да се исклучи какво било нарушување.

*За да го усовршат одењето , бебињата треба да стекнат одредени вештини како исправено стоење, одржување на баланс, наизменично чекорење и користење на информации за процена на површината по која се движат.*

### Модел на типичен развој

- Губење на примитивните рефлекси во 3. месец и појава на заштитни рефлекси (од 6 месеци натаму) (Табела 2).
- Намалување на флексорниот тонус на екстремитетите што резултира со зголемен опсег на движења, на пр. поплитеален агол (слика 1.) 90° на 2 месеци, 100° на 5 месеци и 150° на 9 месеци .
- Подобрување на силата, постуралната контрола и стабилноста –во цефало-каудален правец:
  - контрола на главата (3-4 месеци)
  - стабилност при седење - исправен 'рбет при седење од 8 месеци
  - нозе — носење на сопствена тежина (6-7 месеци), стоење (9-15 месеци) .

***Опсервација / проценување***

*Потребна опрема за проценка: патосница; визуелно привлечна играчка.*

**Систематско проценување**

Разговорот со родителите започнува со отворени прашања:

- Дали сте загрижени за начинот на кој вашето бебе ги движи рацете/нозете или телото?
- Дали некогаш сте забележале некакви чудни или невообичаени движења?
- Дали вашето бебе некогаш изгледало премногу млитаво или премногу вкочането?
- Дали вашето бебе има силно преферирање на едната рака, а ја игнорира другата рака?
- Дали сте загрижени дека движењата на едната страна на телото се разликуваат од другата?

*Моторниот развој вклучува усовршување на посебни вештини и нивно интегрирање во кохерентна целина*

По овие, следат повеќе насочени прашања поврзани со возраста:

- Кога вашето бебе почна да ја држи главата исправено?
- Кога вашето бебе почна да седи самостојно?
- Како вашето бебе се движи по подот?
- Како вашето бебе се преместува од една во друга позиција? (на пример од позиција на лежење во позиција на седење)

**Црвени знаменца поврзани со семејството, раѓањето или медицинска историја**

- Семејна историја на задоцнето одење или нарушени движења
- Тешкотии при раѓање или неонатални тешкотии
- Медицинска историја
- Хранење, голтање
- Историја на конвулзии-напади.

Спонтана положба и движење

| | |
|---|---|
| **Кога лежи на грб (супинација)** | Движењата треба да бидат слободни и симетрични на двете страни |
| Спонтани движења на главата, рамената, нозете и дланките | Ја врти главата за визуелно да следи предмет за 180° (од 3 месеци) |
| | Рацете главно се држат отворени (од 2 месеци) |
| | Ги држи рацете една до друга и ги приближува кон устата додека ги гледа (од 3 месеци) |
| | Енергично клоца со нозете, наизменично или заедно (од 3 месеци) |
| **Превртување** | Се превртува од грб на стомак и обратно (5-7 месеци) |
| **Кога лежи на стомак (пронација)** | Ја крева главата нагоре под 90° и странично (од 3 месеци) |



*Контрола на глава, седење со поддршка*

| | |
|---|---|
| **Контрола на главата и на трупот, положба на трупот** | Ги подига градите, се потпира на раце/дланки (4-8 месеци)<br>Стомачно или војничко лазење (6-7 месеци), лазење на раце и колена (8-9 месеци) |
| **Повлекување за да седне** | Мало или никакво заостанување на главата на 3 месеци<br>Ги зацврстува рамената и ја подига главата (5-6 месеци) |



*Се повлекува за да седне*

*Способноста на детето да застане во исправена позиција е фундаментална за одењето. Но, позиција на исправување е невозможна за новороденчињата заради формата на нивното тело. Со растење на нозете и мускулите бебињата можат да застанат во исправена позиција*

**Седење**

Се опсервира контрола на главата при седење со поддршка и положбата на ‘рбетот, дали е грбот прав или искривен

Седење со поддршка (5-6 месеци) или без поддршка на раце (6-8 месеци) и посегнување со рацете по предмети, манипулирање со предмети. Се повлекува да седне на 9 месеци и се врти наоколу за да погледне и да земе предмети.



*независно седење*

**Стоење**

Се опсервира носење на сопствената тежина при стоење со поддршка и положбата на нозете.

Се повлекува за да стане (7-12 месеци) и стои држејќи се за намештајот.

Преминува од стоечка во седечка положба без да падне (7-9 месеци)



*седи, рацете напред*

**Пред-одење и одење**

Лази, се влече, се тркала

**Одење**

Оди држејќи се за намештајот (11-12 месеци)

Прави неколку чекори држејќи се за една или двете раце (11-12 месеци) или независно (12-13 месеци).



Слика
Опсег на движење, поплитеален агол

| | |
|---|---|
| **Тонус** | Било каква крутост или млитавост на движењата |
| | Опсег на движења |
| **Вентрална суспензија** | Контрола на главата и ‘рбетот |
| **Примитивни рефлекси** | Рефлекс на фаќање, Моро рефлекс, Асиметричен тоничен вратен рефлекс (Таб.7) |
| **Протективни или рефлекси за поддршка** | Испружување на раце кон долу, на страна и напред (Таб. 7) |

**Проценување (предизвикување на моторно однесување)**

Набљудувањето на спонтаните движења се прави за време на природна игра, поттикнувајќи го детето да се движи, да се повлече за да се исправи (да застане), да се движи низ просторот итн. Проценката на тонусот, опсегот на движења и рефлексите се дел од невро-моторната проценка кој се прави за време на општиот преглед.

| | Појавување | Исчезнување | Предизвикување |
|---|---|---|---|
| **Моро**<br><br>*Моро рефлекс* | Раѓање | 4 месеци | Се предизвикува со ненадејно, мало (2,5 сантиметри) испуштање-тргање на раката на испитувачот што ја поддржува главата на бебето. Одговорот се состои од симетрично широко раширување на рацете и отворање на дланките. За неколку моменти, рацете повторно се спојуваат, симулирајќи прегратка. |
| **Палмарен рефлекс на фаќање**<br><br>*Рефлекс на фаќање* | Раѓање | 3 месеци | Галење на дланката на доенчето со прст. |
| **Асиметричен тоничен вратен рефлекс**<br><br>*Асиметричен тоничен вратен рефлекс* | 2 недели | 6 месеци | Бебето е во положба легнато на грб. Ако главата на бебето се врти на едната страна раката и ногата на страната кон која е свртено лицето се испружуваат, а раката и ногата на спротивната страна се виткаат. Доколку перзистира (опстојува) после 6 месец посочува на можност за постоење на моторно растројство. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Протективни / поддржувачки рефлекси: | Овие рефлекси се јавуваат од 4-5 месеци па натаму и можат да бидат отсутни или абнормални при моторните растројства | | |
|  долу | **Рефлекс на падобран – кон долу** | 5 месеци | Кога се држи и брзо се спушта надолу, новороденчето ги испружува и раширува (абдуцира) двете нозе, со прстите насочени надолу. |
|  страничен | **Страничен падобран рефлекс** | 6 месеци | Доенчето ги испружува рацете на страна за да се спаси-задржи ако испадне од рамнотежа |
|  преден | **Преден падобран рефлекс** | 7 месеци | Рацете и дланките се испружуваат напред надолу при спуштање напред кон земјата. |

**Атипични модели**

Мускулниот тонус на децата, нивната претпочитана положба на одмор во доенечкиот период (претпочитаат да лежат на стомак или грб) и нивната семејна историја влијаат на секвенците на моторниот развој.

- Деца со атипични шеми на движење пред одењето, на пр. влечење на подот, доцнат во постигнувањето независно седење и одење.
- Предвремено родените бебиња најчесто покажуваат рана хипотонија, зголемен флексорен тонус на екстремитетите, екстензорна хипертонија во мускулите на вратот и трупот и слабо координирани движења. Нивните моторни развојни скалила често се одложуваат. Постојат големи индивидуални разлики во исходите и потребно е следење за да се идентификуваат можни трајни нарушувања.

Абнормалност на тонусот, рамнотежата или координацијата:

- прекумерна-несоодветна млитавост или вкочанетост
- лоша рамнотежа
- лоша координација

**Црвени знаменца од општиот преглед**

- слаби движење на очите, на пр. нистагмус
- мал обем на главата
- дупчиња, влакнетост или прамен коса на долниот дел на 'рбетот
- конгенитални аномалии на колковите или стапалата.

**Црвени знаменца поврзани со возраста**

- Држење на рацете во тупаница после 3. месец;
- Лоша контрола на главата на 4 месеци;
- Присуство (перзистенција) на примитивни рефлекси после 6. месец;
- Перзистенција на флексорна хипертонија на долните екстремитети (поплитеален агол <150° над 9 месеци);
- Не седи самостојно со исправен 'рбет на 9 месеци;
- Не оди самостојно до 18 месеци;
- Абнормалност на движењата:
- присутни се повторувачки движења
- асиметрија на движењата

**Моторен развој 1-5 години**

Децата од 1 до 5 години покажуваат подобрувања во контролата, координацијата и рамнотежата на нивните движења. Опсегот на варијации во раниот моторен развој е значителен. Проценката на моторниот развој не треба премногу да се потпира на пресвртниците (скокови) на развојот, туку да вклучува квалитативни набљудувања на држењето на телото, во мирување и во движење, присуство на било какви асоцирани (придружни) движења, било какво невролошко оштетување и информации во врска со семејството и историјата на раѓање.

**Модели на типичен развој**

По започнувањето на самостојното одење, децата ги усовршуваат своите модели на движење: тие развиваат антиципаторни движења на мускулите и подобрена координација и рамнотежа, рефлектирајќи се во следните способности:

■ Чучнување (клекнување) за да земе играчка од подот (14-18 месеци).

■ Качување на стол за возрасни за да седне (од 18 месеци).

■ Стеснување на основата за одење (колку се оддалечени нозете): на почетокот на одењето тие ги држат рацете цврсто раширени, а нозете широко раздвоени (широка основа) за подобра поддршка. Основата се стеснува, стапалата се само малку раздвоени на 2 години и во линија со телото на 4 години.

■ Рацете почнуваат да се движат наизменично со нозете на 2 години.

■ Малите деца одат со рамно стапало на одење, некои одат на прсти, особено кога се возбудени или трчаат. Тие одат претежно со одење пета-прсти околу 4-6 месеци откако почнале да одат.

■ Тие можат да трчаат внимателно од 2 години.

■ Одат по скали без да се држат или без потпора на околу 30-36 месеци, по една нога на секој чекор (качување со алтернација) и симнување по скалите помеѓу 3 и 4 години.

■ Тие можат да одат по тесна права линија, да стојат и да одат на прсти и да трчаат околу мебелот од 3 години.

■ Децата можат да фрлат топка со крената рака до 2 години; да шутираат од 2.5 до 3 години и да фатат голема топка на 3 години.

■ Тие можат да скокаат и прескокнуваат и да застанат кратко (пет секунди) на една нога на 5 години.

**Систематско проценување**

Разговорот со родителите започнува со отворени прашања со цел да се извлечат какви било грижи:

- Дали сте загрижени за начинот на кој вашето дете се движи, оди или трча?
- Дали некогаш сте забележале некакви чудни или невообичаени движења?
- Дали сте загрижени за некаква невообичаена вкочанетост или млитавост на движењата?
- Дали мислите дека физичките вештини на вашето дете се во согласност со другите деца на иста возраст?

По овие, следат повеќе насочени прашања поврзани со возраста:

- Кога вашето дете почна да оди самостојно?
- Дали вашето дете може да трча / скока / фрла топка / шутне топка?
- Дали вашето дете може да оди нагоре и надолу по скали? Ако може, како?

**Опсервација, проценување или земање на податоци од родителот/старателот**

Потребна опрема за испитување: патосница; голема топка, мала топка; залепена линија на подот.

При процена се опсервираат следните вештини и активности во зависност од возраста:



**Одење**

- Пред-одење / лазење, влечење
- Водење за рака / независно
- Основа на одење – широка / нормална
- Трчање



**Качување**

- По мебелот
- По скали: качување и слегување со и без поддршка, со водечка нога или со наизменични чекори





**Скокање**

- Двете нозе заедно

**Рамнотежа**

■ Стабилно стоење

■ Застанување за да подигне играчка од подот



■ Шутирање на голема топка



■ Фрлање на топка преку глава



■ Стоење на една нога 5 секунди



■ Одење по линија



■ Стоење на прсти



■ Скокање/прескокнување

**Црвени знаменца, ограничувања или задоцнувања поврзани со возраста**

Следното треба да поттикне понатамошна проценка од страна на физиотерапевт и/или педијатар:

- не самостојно одење до 18 месеци;
- одење на тесна основа (држејќи ги двете нозе многу блиску една до друга) на 18 месеци;
- одење на прсти цело време или поголемиот дел од времето шест месеци по започнувањето на одењето или по возраст од 3 години;
- сѐ уште одење на широка основа (нозете премногу оддалечени) и со лоша рамнотежа на 2 години;
- несоодветно (неграциозно) одење или трчање на 3 години;
- не може да се качува по скали на 3 години;
- не може да фати, фрли или шутне топка на 4 години;
- не може добро да балансира на една нога на 4 години;
- несигурно (несоодветно) се качува по скали на 5 години;
- какво било губење или уназадување на вештините (итно упатување за педијатриско мислење);
- каква било асиметрија на движењата - ги движи рацете или нозете повеќе или само на едната страна од телото;
- каква било вкочанетост на движењата;
- било какво моторно доцнење поврзано со лигавење или тешкотии во јадењето.

**Проценување – предизвикување на моторно однесување**

- Набљудувањето на спонтани движења се врши со поттикнување на детето разиграно да оди, да трча, да крене играчка од подот, да фрла, фати, клоца итн.
- Невро-моторниот преглед се спроведува ако постои некаква загриженост во врска со моторниот или општиот развој - ова мора да вклучува мерење на обемот на главата, преглед на очите за какви било абнормални движења, кожата за какви било абнормални траги и 'рбетот (видете Физички преглед и испитувања, стр. 70).

**Модел на типичен развој на фините моторни способности**

- Зголемување на координацијата на видот со движењето на главата - визуелно следење на лице (6-8 недели) и на висечка играчка од една страна на друга (3 месеци). Гледање на движењата на сопствените раце, поглед на раката (3 месеци) или предмети кои се држат во раце (4 месеци).
- Подобрување на перцепцијата на длабочина и диференцирани движења на рацете – иницијално фаќање со две раце се заменува со фаќање со една рака (5-6 месеци).
- Постигнување на остар визуелен фокус и диференцијација на движењата
  истражување со примена на показалецот 8-9 месеци.
- Созревање на фатот: подобрување на поставеноста на врвовите на прстите со врвот на палецот (палмарен фат - 6 месеци, пинцета фат (палец-показалец: 9-10 месеци) и клешта фат со врвовите на прстите (12 месеци) (види серија илустрации со фат на коцка и мал предмет, стр. 59-60).
- Ослободување со притисок на рака или површина (10-11 месеци); контролирано ослободување - става една коцка врз друга (13 месеци)

**Фини моторни способности и перцепција: од раѓање до 1 година**

Во раното детство, ефектите од подобрување на мускулниот тонус, сила и координација се очигледни во сите движења. Подобрувањето на око-рака координацијата и префинетоста на движењата им овозможуваат на доенчињата да го истражуваат светот. Во исто време развојот на перцептивните и невербалните когнитивни способности - ментална претстава на предмети, работна меморија и флексибилно и одржливо внимание - исто така стануваат очигледни во многу активности на доенчињата.

*Фините моторни вештини прогресираат после инфантилниот период.*

**Модел на типичен развој на перцепција**

- Поврзување на предметите еден со друг со удирање или кликнување на нив од 6 месеци, ставање работи во и надвор од кутии на 9-15 месеци и вметнување мали објекти во дупки до 15 месеци.
- Причина и последица, концепти на превземање дејство со предвидена цел: овие концепти се појавуваат како едноставни дејствија како што се тресење на ѕвончето (7 месеци), користење причинско-последични играчки (акција-реакција)- притискање на големи копчиња за активирање музичка играчка (9 месеци), цела акција со предвидена цел - како што се влечење играчка со конец (9 месеци) и поместување играчка автомобил (12 месеци).
- Перманентност (постојаност) на предметот, разбирање дека предметите продолжуваат да постојат дури и кога се надвор од видното поле - на 6-8 месеци доенчињата почнуваат да бараат делумно скриен предмет и помеѓу 9 и 10 месеци тие можат да бараат играчка која е целосно скриена од нивниот поглед.
- Категоризација/функционална употреба: употреба на познати вообичаени предмети/играчки, на пр. играчка автомобил, чаша, лажица, ѕвонче, телефон (на себе/ на кукла/ на мајка). Од 10-12 месеци доенчињата користат предмети/играчки со сличен изглед на ист начин, на пр. подвижни играчки кои личат на возило и од 14 месеци покажуваат „дефиниција според употреба", на пр. користи четка за коса за да ја исчетка косата.

**Систематска проценка**

Разговорот со родителите започнува со отворени прашања со цел да се извлечат какви било грижи:

- Дали сте загрижени за начинот на кој вашето дете ги користи рацете за да посегне или да земе играчки или предмети?
- Дали сте загрижени за начинот на кој тој/таа користи вообичаени предмети и како си игра со играчките?
- Дали некогаш сте забележале некаква асиметрија на неговите/нејзините движења?
- Дали забележувате невообичаени движења на рацете?

Ова е проследено со повеќе фокусирани прашања поврзани со возраста:

- Дали забележувате претпочитање на една од рацете? Или тој/таа е левак или деснорак?
- Како вашето дете си игра со играчките?

**Опсервација, проценување или земање на податоци од родителот/старателот**

| | | |
|---|---|---|
| **Положба на рака** | Главно затворена (во тупаница) или отворена кога е будно (2 месеци) | |
| **Ги држи предметите ставени во раце** | Држи кратко и мавта наоколу (3 месеци), ги носи до уста, ги гледа (4 месеци) | |
| **Рацете заедно** | Ги спојува двете раце/прсти, си игра со прстите, гледа во рацете (3-4 месеци) |  |
| **Посегнување со раце: за играчка висната напред кога лежи на грб или поставена напред кога седи (со поддршка)** | Фаќа со двете раце (3-4 месеци)<br>Фаќа со едната рака (5 месеци) | *Палмарен фат* |
| **Фат** | Зграпчување со прст за многу мал предмет или трошка (6 месеци)<br>Зема трошка или парче врвка помеѓу врвовите на показалецот и палецот, испружени (9-10 месеци)<br>Зема коцка од 2,5 цм или мала играчка со врвовите на прстите свиткани (12 месеци) | <br>*Интермедијален фат*<br><br>*Зрел фат* |

| | | |
|---|---|---|
| **Поврзување / истражување на играчките предметите** | Преместува од една рака во друга рака (6-7 месеци)<br>Удира предмети од под/маса или два предмета меѓу себе (6 месеци)<br>Имитира кликнување на две мали играчки/коцки од 2,5 цм (8 месеци)<br>Држи играчка во рака и истражува со показалецот од другата рака, на пр. треперење на ѕвончето (9 месеци)<br>Става коцки во голема чаша (10 месеци)<br><br>Ослободува мала играчка за да ја стави на масата без да ја фрли, или ја враќа назад (11 месец)<br>Става една коцка со големина од 2,5 цм врз друга (13 месеци) | <br>*држи два предмета заедно*<br><br>Греблест фат |
| <br>*Пристап со показалец* | <br>*Пинцета фат* | <br>*Тргање на прекривка за да најде предмет* |

| | |
|---|---|
| **Постојаност на предметите** | Бара играчка која паднала надвор од видно поле Наоѓа играчка скриена под ткаенина/хартија |
| **Причина и последица** | Игра со подвижни играчки на притискање |
| **Средства и врска** | Се обидува да земе играчка надвор од дофат со користење на друг предмет, на пр. стап или со влечење за конец |



Потребна опрема за испитување: *играчка со врвка* (за висење/влечење), *мали играчки, скокачка играчка, автомобил, чаша, чинија, лажица, четка за коса, телефон; коцки* со големина од 2,5 цм; *многу мал предмет*, на пр. *мало ѕвонче со клапна* (две рачиња што плескаат); *сликовници* (тврди страници); *хартија и боички; крпа* (за покривање на играчка).

**Црвени знаменца или ограничувања, задоцнувања или абнормалности поврзани со возраста**

-Не покажува интерес и не посегнува по играчка поставена пред него и после 6 месеци;

-Присуство на припоени раце (држење на рацете заедно) по 9 месеци;

-Нема истражување со показалецот од 12 месеци;

-Недостаток на намерна употреба на предмети и играчки од 12 месеци;

-Нема причинско-последична игра од 12 месеци.

**Предизвикување на одговор за опсервација**

Фините моторни и невербални когнитивни способности најдобро се предизвикуваат со употреба на играчки соодветни на возраста. Предметите/играчките треба да му се претставуваат на детето еден по еден или во соодветни комбинации, избегнувајќи неред. Структурираниот пристап на презентација помага во реализација на опсервациите. Ако детето не покажува голем интерес, можеби треба подоцна да се врати на таа играчка/активност. Детето треба да седи удобно, поддржано доколку е потребно. Испитувачот треба да предизвика интерес и да ја одржува мотивацијата на детето без да создава преголема возбуда; фокусот треба да се задржи на предметот/активноста со соодветни пофалби и охрабрување. Кратка пауза по секој чекор помага во спроведување на опсервациите.

Треба да се забележи како се прави дејството, а не едноставно што се прави. Треба да се забележи секој одговор без оглед дали е делумен или целосен.. Следниот опис го објаснува пристапот за спроведување на овие опсервации; редоследот може да се менува во зависност од ситуацијата.

■ Мали коцки (2,5 цм)

■ Започнете со претставување на една коцка со тоа што ќе ја ставите пред детето на рамна површина или ќе ја понудите поставена на вашата дланка (за да го олесните набљудувањето на фатот). Ако детето не посегне по неа, ставете ја во неговата/нејзината рака. Внимавајте што прави детето со коцката, на пр.ја гледа, ја става во уста или ја пренесува од рака во рака.

■ Ако детето земе една коцка, понудете уште една (забележете го манипулирањето со две коцки), а потоа понудете уште една.

■ Земете две коцки и удрете ги меѓу себе, охрабрувајќи го детето да имитира.

■ Ставете кутија/чаша пред детето и спуштете една коцка во неа, охрабрувајќи го детето да го направи истото со коцката и да ја извади.

■ Побарајте ја коцката назад со испружање на вашата рака пред детето или поттикнете го детето да ја стави коцката на масата. Забележете го ослободувањето на коцката.

■ Поставете една коцка врз друга пред детето и охрабрете го детето да го направи истото, ако детето успее дадете му повеќе коцки за да направи кула.

■ Користете ѕвонче или тропалка и/или звучна играчка за да поттикнете дофат, фаќање и истражување.

■ Користете играчка на конец за да го проверите пинцета фатот. Ставете ја играчката надвор од дофатот, а конецот на дофат за да ги видите примена на дејство за достигнување на крајната цел - влечејќи го конецот за да ја добие играчката.

■ Користете скокачка или подвижна (причина и последица) играчка - набљудувајте.

■ Користете едноставни играчки, на пр. автомобил, четка за коса, за проверка на функционална употреба.

■ Користете едноставна комбинација на играчки, на пр. шолја, лажица, лонец за да набљудувате како детето ги поврзува овие играчки, ги користи функционално самостојно или како ги нуди на испитувачот/негувателот или на куклата.

## Фини моторни способности и перцепција: 1 -5 години

После доенечкиот период , голем дел од она што децата го прават со нивните раце и прсти (истражуваат, конструираат, цртаат и пишуваат) го одразува/покажува и развојот во фината моторика и невербалните когнитивни вештини – менталната претстава за предметите, работната меморија, флексибилноста и фокусирано внимание. Овие способности се забележуваат преку активности како што се секојдневната употреба на предметите, цртање, нижење, сечење со ножици, и користење на развојни играчки (алатки) како што се конструктивните играчки , играчки за сортирање, табла со форми.

- Подобрувањето на бимануелната/билатералната координација овозможува на децата со едната рака да превземаат акција, а другата да ја користат како поддршка (пр. држење). На пример, на 18 месеци, детето со едната рака ја држи играчката, а со другата ја истражува.
- Подобрувањето на движењата на рацете и манипулативната спретност на прстите овозможува децата на 2 години да ја повлечат кваката од вратата и да го свртат капачето на шишето, а до својата трета година, иако сѐ уште непрецизно, и да сечат со ножици.
- Подобрената умешност на врвот на прстите и рацете се забележува во вртењето на страници од книга една по една (на 2 години), нанижување на четири големи перли, држење на молив со тропрстен фат (на 3-3,5 години) и закопчување/ откопчување големи копчиња и прецизно сечење по права линија (на 4 години).

### Имитирање и прецртување

Разбирање за предметите и нивната поставеност, положба и релациите во просторот децата го покажуваат преку имитирање на акција покажана од друго лице, како што е на пример продолжување шеми со коцки, копирање модели со конструктивни материјали или цртање/прецртување.

Кога детето копира модел што е надвор од неговото видно поле, или истиот му се покажува и по неколку секунди се отстранува од неговото видно поле, тогаш потребни се дополнителни способности на работната меморија и потсетување, планирање и ментално ротирање на предметите (види структури од коцки и копирање илустрации на форми, стр. 40). Имитацијата, кога моделот или формата е демонстрирана пред детето, се достигнува порано од копирањето на готов модел.

### Спарување на форми

Табли со форми: прогресот кај децата се движи од спарување на форми чие ротирање е полесно (како што е кругот) до спарување на потешки геометриски и неправилни форми. Тие стануваат подобри во категоризирање и визуелно скенирање пред да можат да спарат форми; престануваат да ги стават формите во погрешен отвор по 30-от месец.

### Препознавање на боите

Опсервирањето на способноста на децата да ги класифицираат предметите по боја се реализира со користење на предмети или картички во различни бои за именување и спарување. До возраст од 30 месеци, 50 % од децата можат да спарат објекти/ картички по боја. До возраст од 42-48 месеци тие треба да именуваат точно четири бои.

### Сортирање предмети по големина

До 30-от месец децата покажуваат добра свесност за големината на предметите преку соодветни задачи. Тие се способни да покажат голем и мал објект до возраст од 3 години,а долга и кратка линија нацртана на лист до возраст од 42 месеци (50 % од децата) до возраст од 54 месеци (90% од децата).

### Цртање

Способностите за цртање се поткрепени со когнитивните способности за ориентација лево и десно, визуелната перцепција, работната меморија и фините моторни вештини. Неповрзаното удирање по хартијата, кое иницијално се појавува на 12-15 месеци го покажуваат истражувачкиот интерес на детето и разбирањето на релациите.

*Чкртање* (*шарање*): Првично, на 15-18 месеци, чкртаницата се јавува во ритмичко движење напред - назад или странично; до 2 години движењето преминува во помазно и има кружен или брановиден изглед. Постепено се збогатува содржината на цртежот и тој станува повеќе складен.

Овие цртежи визуелно можеби се непрепознатливи, но децата често ги именуваат, покажувајќи и усовршувајќи ја нивната способност да презентираат.

*Цртање човек*: Постои развојна прогресија во цртањето човек (види-Нацртај човек-илустрација, стр.40)

*Копирање фигури*: претцртачките фигури (види ги илустрациите за копирање форми стр. 40) се добиени со налог „нацртај како ова" – без да се именуваат фигурите. Незрелост во цртањето фигури се забележува со присуство на недовршени краеви или агли и погрешен број на агли на фигурата.

**Систематско истражување**

Интервјуто со родителите/згрижувачите започнува со отворени-прашања со дополнување или прашања со понуден да/не одговор со цел да се минимизира загриженоста:

- Дали сте загрижени за начинот на кој вашето дете ги користи рацете?
- Дали се грижите за цртањето на вашето дете или за некои други конструктивни игри?
- Дали сте загрижени за учењето на вашето дете?

Следат пофокусирани прашања и набљудувања поврзани со возраста:

- Имате забележано која рака детето преферира да ја користи? Дали вашето дете е леворак или деснорак?
- Што може вашето дете да направи со пенкало и лист?
- Колку делови на сложувалка мести вашето дете?

**Опсервација/испитување (или интервју со родителот /згрижувачот/негувателот)**

Опрема потребна за испитување:

*Дрвени коцки* (шест во иста боја); *сортирач на форми* т.е. табла со три форми; *сет од големи/мали играчки* (на пр. лажички, чашки, коцки, лист и маркер); *детски ножици, книга, врвка за чевли* и *големи перли*, сет од парови картички во боја и коцки (види слика во прилог- слики кои ќе помогнат во испитувањето на вербални и невербални вештини)

| | |
|---|---|
| **Книга** | Вртење неколку страница на книга (18 месеци)/(самостојно на 2 години) |
| **Држење молив** | |



Цилиндрично



Интермедијално



Вкочанет тропрстен фат



Динамичен тропрстен фат

| | |
|---|---|
| **Цртање по линија** | Цртање по права линија долга<br>10 cm (4 -4 ½ години) |
| **Нижење** | Ниже 4 големи топчиња на врвка (3 -3 ½ години) |
| **Сечење со ножици** | Се обидува правилно да сече хартија по права линија (4 години), може и да не ја исече хартијата (3 години) |



| | |
|---|---|
| **Вртење на капаче за да го отвори шишето/ да извади предмет од тегла** | Отворање на тегла за да го извади тоа што е внатре (22-24 месеци) |
| **Претпочитање на една рака** | Главно користи една рака; ја користи другата рака како помошна (18-24 месеци) |
| **Користење коцки** | Прави кула (вертикално)<br>- 2 коцки (13 месеци)<br>- 3 коцки (16 месеци)<br>- 5 коцки (2 години)<br><br>Реди коцки (хоризонтално)<br>Прави/копира: мост од три коцки (3 години), воз (3 ½ години), скала од шест коцки (4 ½ години) (види стр. 40 според возраст) |
| **Цртеж** | Прави ознака/остава трага, чкрта – права / кружна линија (13-18 месеци) копира линија (2 години), облици и луѓе – човек (види стр.40 според возраст) |

**Спарување форми**

Спарува три форми (круг, триаголник и квадрат) на табла  со форми со визуелна проценка пред да ја стави формата - до 30 месеци и шест или повеќе форми до 3 години.



**Извлекување одговори при опсервација**

- Наљудувањето на фините моторни вештини често се прави за време на неформалните сесии на игра и во текот на опсервацијата. Се земаат забелешки за било какви потешкотии во координација, тремор или некои други абнормални движења.
- При набљудување на невербалните когнитивни способности неопходна е структурирана непосредна презентација на активностите. Се претставува една по една задача, со зголемување на тежината на задачата / Една задача своевремено, со редослед од полесна кон потешка задача.



- Во задачата со градење коцки, детето прво се поттикнува да копира според модел или од цртеж. Испитувачот користи лист хартија за да го скрие моделот што го гради и/или со користење на претходно нацртани форми.
- Кога детето не може да копира или да ја следи инструкцијата испитувачот му покажува како се прави – и бележи дека е потребно помош / асистирање при извршување на задачата.
- Таблите со форми или сложувалките со калапи се презентираат најнапред со поедноставни кружни / заоблени форми, а потоа да се преминува на посложени форми (комбинации од две или три форми). Откако детето ќе ја реши таблата со форми со три облици, таа се превртува и од детето се бара да ја направи повторно.
- Материјалите се поставуваат на средина пред детето. Понекогаш наизменично поставување на боичката, моливот или коцка на едната или другата страна од детето помага во преферирањето на одредена рака
- По завршувањето на задачата, се забележува вниманието на детето кон задачата, начинот на кој тоа пристапува и неговиот одговор кон потешки задачи.
- Во текот на активноста фокусот на задачата се задржува со отстранување на можните дистрактори, одржување на,, разговорот" на минимум и охрабрување на детето со пофалба. Мотивацијата се одржува со брзо презентирање на задачата и креирање на интерес за секоја нова задача.

**Отстапувања од стандардите предвидени со календарската возраст**

Лошата изведба кај невербалните задачи може да се однесува на развојното задоцнување, но исто така може да потекнува и од лоша мотивација, слаб вид и/или слух, а во некои случаи, недостаток на стимулација. Понатамошна процена е индицирана за:

- слаба координација на фината моторика, тремор или поврзани движења.
- лошо следење на инструкции, намалено внимание за завршување на задачата, високо ниво на дистракција (расеаност) и генерално / општо високо ниво на моторна активност.
- неможност да заглави една коцка на друга со созреано одвојување на коцките
- не може да држи боичка/молив за да остави траг на хартијата до 18 месеци, чкртаница до 2 години и да копира круг до 4 години.
- генерално несоодветно однесување
- забележлива неможност да се изведе одредена задача или делумна неможност да се изведат сите задачи.

## ГОВОР, ЈАЗИК И КОМУНИКАЦИЈА ОД РАЃАЊЕ - 1 ГОДИНА

За време на доенечкиот период основите на говорот, јазикот и комуникацијата се развиваат преку интеракцијата со родителите / згрижувачите. Пред воопшто да се развие говорот најголем дел од децата се високо комуникативни, способни да иницираат, одржуваат и да завршат комуникација. Сите невербални стратешки основни комуникациски функции, како што се барање на внимание, поздравување, коментирање и барање на информации, се присутни во детскиот типичен развој. До 12 месеци децата ги имаат основните моторни компетенции за продуцирање на говор и се во состојба да произведат низа говорни звуци, промени во висината и јачината на тонот и истите ги користат за да се вклучат во вокална игра, сами или со другите. Развојот на комуникацијата е нераскинливо поврзан со социјалното однесување и игра.

## Типични развојни шеми

### Рецептивен говор

- Го врти погледот кон изворот на смирен човечки глас (1 месец)
- Прави предговорни движења со усните и јазикот како одговор на говорот на родителот (1 месец)
- Во периодот кога ќе почне да посветува поголемо внимание на предметите, може да делува дека интеракцијата се намалува (5 месеци)
- Се врти / реагира на познати гласови, дури и кога возрасниот не е на повидок – не му е во видно поле (6 месеци)
- Се одзива на име (8 месеци)
- Разбира „Не!” и „чао” (9 месеци)
- Покажува разбирање на познати зборови за луѓето кои му се познати или зборови кои се користат во семејните рутини, на пр. „ајде на спиење”, „каде е тато?” (12 месеци)

### Експресивни вештини

- Изговара грлени звуци кога е задоволно (1 месец)
- Вокализира кога е воодушевено со разговорот или во игра со родителот/згрижувачот (2-3 месеци)
- Пее-самогласки, зборови со една или две самогласки, на пр. „гооо”, „дада” (6 месеци)
- Имитира весели вокализации и дејства, пр. кашлање, вшмукување/стискање усни (9 месеци)
- Мелодично баблање во форма на фраза (10 месеци)
- Неколку зборови со значење, насочени кон познати лица(12 месеци)

### Функции на комуникација

- Јасно покажува што му се допаѓа, а што не, што прифаќа или одбива (6 месеци)
- Ги повикува возрасните и другите деца на комуникација преку вокална интеракција, мафтање со раце, (8 месеци)
- Го покажува со прст тоа што го бара (10 месеци)

Интервјуто со родителите/згрижувачите започнува со отворени прашања или прашања со ограничени „да/не" одговори со цел да се минимизира загриженоста:

- Дали имате некаква грижа поврзана со начинот на комуникација на вашето дете?
- Дали имате некаква грижа поврзана со квалитетот на звуците што ги испушта вашето дете?
- Дали имате некаква грижа за тоа како детето реагира кога разговарате со него/неа?

*Баблањето се појавува на возраст од 5-6 месеци со единечни вокал и консонатна, а потоа како комбинација на различни звуци, гласови и интонација. На возраст од 7 месеци баблањето станува интонативно.*

Следат повеќе фокусирани прашања и набљудувања поврзани со возраста:

- Како го привлекувате вниманието на вашето бебе?
- Колку лесно го (пре) насочувате вниманието на бебето во неговата средина, на пр. посочувајќи куче?
- За кои зборови сте сигурни дека вашето дете ги разбира? Како го знаете тоа?
- Дали вашето дете гледа во членовите на семејството или објекти кога вие ги именувате?
- Кои инструкции ги следи вашето бебе?
- Кои звуци сте ги слушнале да ги прави вашето бебе?
- Дали вашето бебе има некој препознатлив збор / збор со значење? Дали луѓето надвор од вашето семејство го препознале и разбрале?
- На кој јазик се зборува во вашиот дом? Дали мислите дека вашето бебе реагира различно кога се зборува на различни јазици?

Реквизити неопходни за испитување:

тропалки/ѕвончиња, сноп клучеви, глодалки, телефон, колички/возови на туркање, бебе кукла/рече, мала чашка и лажичка, музичка кутија на навивање, марама (за игра „ѕе“), дрвени коцки, балони.

**Опсервација/Испитување**

| | |
|---|---|
| **Внимание при зборување** | Зборувајте му на бебето со пријатен тон, на растојание од приближно 60 цм |
| **Очекувања/претпоставки** | „Сега ќе те фатам” со пријатна фацијална експресија |

| | |
|---|---|
| **Реагирање на име** | Повикајте го по име додека бебето е зафатено со некоја играчка |
| **Реагирање на тонот од гласот** | |
| | Кога бебето посегнува по некоја играчка, прекинете го со уверливо „не!”, но веднаш по ограничувањето покажете соодветна реакција преку давање дозвола или пак утешување. |



| | |
|---|---|
| **Заедничко внимание** | Го префрла вниманието помеѓу говорникот и играчките за да воспостави фокус со соговорникот. |
| **Следење едноставни инструкции со знаци** | |
| | „Дај ми ги клучевите (или нешто што држи бебето)” со подадена рака за да се прими предметот. |
| | Кажете му на бебето да „плеска со раце” додека вие плескате, со израз на лицето дека го очекувате тоа. |
| **Реагирање на име*** | Викнете го по име кога детето гледа во друга насока, но не кога целосно е внесено во играта. |
| **Следи точка*** | Викнете го по име, потоа кажете „види” и посочете кон предмет кој е поставен на мало растојание од детето. |
| **Барање** | Ставете некоја привлечна играчка надвор од дофат. Опсервирајте какви стратегии ќе користи детето (на пр. досегање на играчката, покажување на играчката, гледање во играчката и возрасниот). |
| **Гестови** | Дали детето како реакција на разделба мафта и вика „чао” кога излегува од соба? |

**Предизвикување одговор при опсервација**

Голем дел од проценката на младите доенчиња се одвива преку набљудување на интеракцијата во семејството. Испитувачот потоа го води детето низ следниов сет на активности:

- Обезбедете играчки според возраста и побарајте од родителот да ви покаже како си игра со детето. Опсервирајте го фокусот на вниманието и одговорот на бебето како реакција на говорот на родителот.
- Бебето седи во скутот на родителот/згрижувачот, свртено со лицето кон испитувачот, но да може да пристапи кон играчката на масата. Ова е соодветна позиција за да се забележи реагирањето на име, способноста да следи инструкции со знаци и да побара.
- Охрабрете го детето да направи избор, или да побара пак/повеќе, со започнување и паузирање на активности, како што е на пример, дување меурчиња или користење на музичка кутија со навивање.
- Забележете како детето се обраќа кон згрижувачот/ родителот – дали тоа покажува задоволство во активностите, или само ја проверува реакцијата на родителот?
- Ако детето не е расположено да се вклучи во активностите со испитувачот, истите можат да бидат спроведувани и од страна на родителот, но со иструкции од страна на испитувачот.





<table>
<tr>
<td>Како основна животна вештина, развојот на говорот и комуникацијата има свое влијание врз писменоста, перформансите, како и општата благосостојба на детето и неговото интегрирање во општеството. Јазикот е клучен елемент за иницирање и одржување на социјалните односи, за развој на мислата и пристапување кон формалното учење.<br><br>Говорот, јазикот и комуникацијата вклучуваат: разбирање на јазикот, способност децата да се изразат преку граматички коректен, чист и јасен говор, како и користење на невербална комуникација. Комуникациската функција, која првично е всушност невербална, преку говорниот јазик станува експресивна.</td>
<td rowspan="2">ГОВОР, ЈАЗИК И КОМУНИКАЦИЈА: 1-5 ГОДИНИ<br><br>На возраст помеѓу 1 и 5 години кај децата има унапредување во начинот на комуникацијата преку низа на функции, вклучувајќи ги и:<br>✓ насочување на однесувањето на другите<br>✓ барања<br>✓ афирмации и негации<br>✓ коментирање<br>✓ стапување во интеракција со другите и вклучување на другите во меѓусебна интеракција, вклучувајќи поздравување, испраќање, користење на имиња, културен (љубезен) јазик.<br>✓ Именување и објаснување на емоциите.<br>✓ Споделување на информации.</td>
</tr>
<tr>
<td>Разбирање на јазикот<br>▪ Разбира имиња на познати луѓе или предмети, практикувани познати рутини кои се користат во секојдневните активности, на пр. „каде е твојата чаша?” (12 месеци)<br>▪ Следи и извршува едноставни вербално зададени налози во контекст , на пр. „дојди тука”, „дај ми”, „земи“ (12 – 15 месеци)<br>▪ Може да покаже делови на тело (нос, око, уста, рака, нога, стомак-меше) (12 – 18 месеци)<br>▪ Избира именувани предмети кога се достапни и други опции, на пр. „каде е лажичката?” (18 месеци)<br>▪ Следи инструкции од два дела пр. „земи ја твојата чаша и стави ја на маса” (18-24 месеци)</td>
</tr>
<tr>
<td>▪ Одбира играчки според функцијата пр.„ од што пиеме?” (24-30 месеци)<br>▪ Разбира реченици кои содржат три клучни зборови во себе (пр. „ стави ги чашата и чинијата на столицата” на 3 години, четири на 4 години и пет клучни зборови на возраст од 5 години.</td>
<td>✓ Користење на јазикот за игра и хумор.</td>
</tr>
</table>

**Експресивни вештини**

- Неколку конзистентни зборови, меѓу кои и жаргони, на 12 месеци (зборови кои се употребуваат во семејството).
- Брзо зголемување на вокабуларот, едноставни зборови можат да бидат користени за различен дијапазон на причини пр. барање, коментирање, прашања (15-18 месеци). Копира зборови
- Комбинација од два зборови, пр. „ајде спие“, „мама вода“ (18-24 месеци)
- Користи ,,не” или ,,нема” во фраза, пр. ,,нема куче!” (24 месеци)
- Се потсетува и се навраќа на минати настани (24 месеци)
- Фрази од три збора, на пр. ,, удри ја големата топка” (30-36 месеци)
- Користи именки ,,јас”, ,,мене“, ,,ти” (24-36 месеци), проследено со ,,тој/таа” , ,,тие” (36-40 месеци)
- Користи незрела граматика (30-34 месеци), усовршување на граматиката за возрасни, со повремени отстапки, до 60 месеци
- Поголемиот број на гласови кои ги артикулира се со правилен изговор на 5 годишна возраст

*На возраст приближна до 18 месеци многу од децата доживуваат „експлозија на именувања“ во која учат нови зборови - најчесто имиња на објекти-со многу побрзо темпо од претходно.*

| |
|---|
| Вербална когниција |
| Поставува прашање:<br>„што е ова?” (24 месеци)<br>„каде.....?”(30-36 месеци)<br>„зошто?” (36-42 месеци) |
| Може да го каже своето име (30 месеци),<br>својот пол (36 месеци),<br>својата возраст (48 месеци),<br>својот роденден и адреса (60 месеци) |
| Користи описни концепти: големо/мало, влажно/суво, горе/долу, топло/ладно, и сл. (од 30-36 месеци) |
| Ги разбира предлозите: во/надвор, вклучено/исклучено, надвор од/под/зад итн. (24-36 месеци) |
| Брои на памет, без концепт на броеви над 1 или 2 (36 месеци)<br>▪ броење на предмети 1-5 (40 – 54 месеци) |
| Ги препознава именуваните бои (36 месеци), именува бои (43-48 месеци) |
| Разбира и користи зборови што претставуваат категории, пр. играчки, храна (42-48 месеци) |
| Ужива во шеги и вербални неправилности, вклучувајќи и свесност за груби, безобразни зборови (48-60 месеци) |
| ▪ Лингвистички ги поврзува идеите – првично користејќи „и” и „потоа” (36-42 месеци), пред да ги користи „бидејќи”/„затоа што“? (42-48 месеци) |
| ▪ Користи компаративна градација за да направи споредба, пр. поголем, потежок, најсилен (54 -60 месеци) |
| ▪ Користи апстрактни лингвистички концепти за привремени секвенции, пр. „кога......, тогаш........”, „ако........ тогаш...........” по 5-та година. |

**Системско истражување**

Разговорот со родителите почнува со отворени прашања (не со понудени да/не одговори, туку со можност повеќе тие да зборуваат) со цел да се извлечат било какви грижи:

- Дали имате тешкотии во разбирањето на говорот кај вашето дете?
- Дали имате некои грижи или сомнежи за тоа како се развива говорот кај вашето дете?
- Дали имате некои грижи за тоа како детето ги сврзува речениците?

Следат повеќе фокусирани прашања поврзани со возраста:

- Дали вашето дете ја покажува сликата во книгата кога ќе ја именувате?
- Дали вашето дете именува слики во книга?
- Наведете примери на зборови што вашето дете ги користи секој ден?
- Наведете примери на фрази што детето често ги користи?
- Дали околината има тешкотии во разбирањето на говорот на вашето дете?
- Дали можете да одржувате конверзација со вашето дете?
- Дали вашето дете може да даде одговор на прашањето „каде е...”?
- Какви прашања поставува вашето дете?
- Може ли вашето дете да слуша приказни?
- Дали вашето дете се приклучува во раскажувањето на приказните кои му се веќе познати?
- Како вашето дете ви раскажува минати настани?
- Може ли вашето дете да даде одговор на „зошто...” прашањата?
- На кој јазик зборувате дома? Дали мислите дека вашето дете има слични вештини во јазиците на кои зборувате дома?

Опрема потребна за испитување:

*кукла/мече, чаша, топка, лажичка, чорап, коцки* (различни бои – по две црвени, сини, зелени, жолти, портокалови), големи и мали коцки, *кутии* (голема и мала), *пластични животни*, пр. крава, коњ, слон, лав, сликовници, со едноставен наратив (види Слики за поддршка во испитување на невербални и вербални вештини, стр.)



**Опсервација/Испитување**

Р - рецептивен
Е- експресивен

**Покажување делови на тело**

Користи мече во играта- „мечето доаѓа да го скокотка твојот нос" - „каде е твојот нос?" или побарајте од детето „скокоткај го носот на мечето?" и сл. или искористете слика од куче (види Слики за поддршка во испитувањето на невербални и вербални вештини).

**Избирање/Именување објекти**

Ставете четири предмети (од иста група / категорија), пр. чаша, лажичка, топка, чорап...

Р - „ покажи / погледни / дај ми/ земи"(18 месеци)

Почекајте за контакт со очи пред да го поставите прашањето и избегнувајте да гледате во именуваниот предмет.

Е -„ што е ова ? "

*Откако детето ќе ја помине фазата на формирање реченица од 2 зборови почнува да ги совладуваа прашањата, негацијата и комплексните реченици.*

**Следење/користење заеднични зборови во акција**

Со мече: Р - „покажи како мечето скока/спие /пие”

Е - „ Што прави мечето?”

Со слики (од 24 месеци):

Р - „Кој пие/ спие, и сл?”

Е – „Што прави девојчето?”

**Избирање предмети според функција**

Ставете четири предмети/слики пр. чаша, лажичка, топка, чорап

Р- „Кое од овие можеме да го удриме/носиме/ пиеме?”

Е- „ Што ќе направиш со чорапот?”

**Следење инструкции со концепти**

Користејќи разновидни обоени коцки и кутии

*Просторен*

Р - „стави ја коцката во/на/под/зад кутијата” (во/на -24-30 месеци, под/зад 30- 36 месеци)

*Бои:*

Р- „ каде е црвената/жолтата/ сината/зелената коцка?” (36-40 месеци)

Е- именува четири бои (42 месеци)

Способноста да спои два објекти со идентична боја (класификација) се појавува пред препознавање /именување на боите (30 месеци)

*Големина:*

Р – „стави ги коцките во големата/малата кутија“ (30-36 месеци)

Р - „покажи ми ја долгата/кратката линија од коцки” (42 месеци)

Р - „која коцка е потешка (не поголема)?” (48 месеци)

За да се задржи интересот на детето можеби е неопходно да се задаваат инструкции со помош на играчка, или пак детето да ги спроведе упатствата манипулирајќи со играчката.



**Следење на проширени и сложени реченици**

Користи сет од играчки, пр. животни или мали чинии

Р - „ кравата и коњот сакаат да јадат" – три клучни зборови (3 години)

Р - „ мечето и зајакот сакаат да јадат и да спијат" – четири клучни зборови (4 – 5 години)

Е - „Што се случи со мечето?"

*треба да постои алтернатива за секој подвлечен збор.

**Користење на јазикот за едноставен наратив**

Користете едноставна книга со приказни (со малку зборови) или сет од минијатурни играчки – започнете со раскажување на едноставна приказна и потоа побрајте од детето да продолжи „сега ти кажи ми што се случило понатаму" – забележете ја големината на реченицата и употребата на концептуалниот вокабулар.

**Опишување на настани од минатото**

Побарајте од детето да ви раскаже за некој неодамнешен настан (викенд, забава и сл). – опсервирајте ја структурата на реченицата, способноста да создаде кохерентен опис и можноста за прилагодување кон слушателот односно неговото познавање на темата

**Давање објаснување**

Поставете му прашања на детето за функцијата на некој едноставен предмет : пр .„За што ни служи лажицата?” , „Зошто носиме чевли?”

**Одговор на хипотетички прашања**

Прашајте: „ што правиш: кога си жеден/ гладен?” и сл.



**Извлекување одговори при опсервација**

Полуструктурираната игра е корисна за собирање информации за говорот, јазикот и комуникацијата на детето, заедно со информациите за социјалната интеркација и вештините за игра (види: Социјално однесување и игра 1-5 години: Извлекување одговори за опсервација стр.92). Ваквата сесија обично започнува со „слободна игра” со соодветни развојни играчки, на пр. причинско последични и конструктивни играчки и/или сетови кукли/семејство/ и/ или акциони фигури. Потоа испитувачот го води детето низ следниов сет на активности:

- Интерактивни активностите за опсервација на игри со ред на играње и имагинативни игри
- Воведување во игра со преправање и игра со улоги за да се провери детската креативност  и користење на јазикот за преговарање/договарање
- Слободната игра може да биде отскочна даска за слободна комуникација (спонтан тек на разговорот и преминување од тема во тема) во врска со детското искуство пр. „со која играчка сакаш да си играш дома?”, „со кого сакаш да си играш?” итн.
- Активности на маса за да се процени степенот на разбирање на јазикот  треба да се прават само кога детето се чувствува пријатно во заедничката слободна игра.
- Ако детето не е расположено да се вклучи во активностите, истите може и родителот да ги спроведува, под водство на испитувачот.

**Отстапувања од стандардите за календарската возраст**

- Не покажува реакција на познати песнички, не следи и не извршува едноставни налози и сè уште нема препознатливи зборови до 18 месеци
- Не поврзува два збора до 24 месеци
- Не користи фрази од три збора до 36 месеци.
- Говорот е значително неразбирлив за непознатите слушатели до 36 месеци
- Јазикот воглавно е составен од фрази научени од програми кои детето ги следи на мултимедијални уреди, со помалку спонтан говор, на било која возраст.
- Не може да разбере/користи описен вокабуларен концепт (големина, позиција, количина) до 42 месеци.
- Не може да раскаже минат настан до 4 години
- Не може да одговори на „каде"/„ кој" прашања, до 4 години
- Пелтечење или повторување на делови од зборови до 4 години (кратки периоди на нефлуентност се типични на околу 3 годишна возраст)
- Не може да задржи кохерентна конверзација или да даде разумно логични одговори на прашања на 5 години
- Губење на јазичните вештини на било која возраст треба да биде причина за итен и неодложен преглед во центрите за следење на ран детски развој (педијатри, центри за рана интервенција, центри за следење на детски развој).

Развојот во овие области е потпомогнат преку социјалните интеракции со родителите / негувателите, а со проширување на социјалната средината на детето се унапредуваат и овие вештини. Концептот на „игра" има различно значење за различни култури, затоа потребна е извесна доза на внимание при опсервациите и разговорите со родителите.

СОЦИЈАЛНО ОДНЕСУВАЊЕ И ИГРА: ОД РАЃАЊЕ ДО 1 ГОДИНА.

Развојот на играта и социјалното однесување кај детето е во директна, нераскинлива врска со јазикот, говорот и комуникацијата и когнитивните вештини.

**Типични развојни шеми**

- Развивање на социјален реципроцитет (давање одговор и очекување одговор)
- Насочување на внимание кон мајката/луѓето (набрзо после раѓањето)
- Социјална насмевка (6-8 недели)
- Интерактивна имитација на насмевки, фацијална експресија и звуци (6 – 8 месеци)
- Одговара/реагира на социјални игри како што се „ѕе“ и „лази буба“ и покажува реакција на очекување (6 месеци)
- Развивање на заедничко заемно внимание (клучен чекор за развој на јазичните / говорни и комуникациските вештини)
- Го следи прстот на другите кога му се покажува / посочува да погледне кон предмет (8 месеци)
- Користи покажување со прст и очи за да го привлече вниманието на другите со цел да сподели интерес (9-12 месеци)
- Кога ќе сретне непознато лице – реагира со повлекување или плачење (7-8 месеци)
- Социјало упатување – се повлекува/ ја проверува реакцијата на негувателот во нова ситуација (12месеци)
- Истражува играчки и предмети: ги гледа одблизу, ги допира, ги става во уста и тропа со нив (5-6 месеци)
- Игра со скокачки и акциони играчки со појава на разбирање причина и последица-пример, ако го допре зајчето тоа ќе скокне (8-9 месеци)
- Функционално ги користи играчките и предметите, пр. „зборување” на телефон и ставање капа на себе (12 месеци) и на другите, пр. на куклата, на мајката (15 месеци)

*Недостатокот на социјален одговор и игровни вештини може да бидат последица и од оштетен вид или слух.*

**Систематско испитување**

Интервјуто со родителите/згрижувачите започнува со отворени прашања:

- Дали сте загрижени за начинот на кој реагира вашето бебе кон вас или кон другите?
- Дали сте загрижени за начинот на кој вашето бебе игра со играчки ?

Ова е проследено со повеќе фокусирани прашања поврзани со возраста:

- Како вашето бебе реагира на вас кога ќе му се насмевнете?
- Дали и како вашето бебе учествува во детски социјални игри како што се „лази буба“ или „se“ ?
- Дали и како вашето бебе го привлекува вашето внимание за да ви покаже нешто?
- Како вашето бебе реагира на непозната личност?
- За какви играчки вашето дете покажува најголем интерес?



**Опсервација/испитување**

| | |
|---|---|
| **Социјална насмевка** | Дава одговор со насмевка или вокализација |
| **Социјален одговор** | Реагира со експресија и звуци во интеракција |
| **Социјално очекување** | Љубопитно очекува акција во игра „лази буба“ или „se“ |
| **Следење на цел/посочување**** | Вели „види (името на предметот)“ и покажува кон предметот на средна далечина |

**Покажува**

- За да праша
- За да сподели интерес

| | |
|---|---|
| **Социјално упатување** | Се повлекува/ проверува реакција на родителите во нова непозната ситуација |
| **Одзивање на име*** | Се врти за да погледне |
| **Следи едноставни налози** | Одговара соодветно на „дојди” и „не” |
| **Функционално користење на играчки** | Користи играчка автомобил (ја движи играчката); користи телефон, чешел, лажичка или чашка на себе, на друго лице или на играчка. |

СОЦИЈАЛНО ОДНЕСУВАЊЕ: ОД 1 ДО 5 ГОДИНИ.

**Отстапувања од стандардите за календарската возраст**

- Невозвраќање и отсуство на интеракцијата или насмевка кон родителот до 8 недели.
- Отсуство задоволство при учество во забавни активности до 5 месеци
- Недостаток на набљудување на рацете или играчките до 5 месеци
- Отсуство или намален интерес за играчки
- Недостаток на интерес за социјална игра до 9 месеци.
- Прекумерно ставање објекти во уста кое продолжува и на возраст над 12 месеци
- Не користи показен гест или друга гестикулација до 12 месеци
- Не покажува кон нешто што му е интересно до 18 месеци.

**Систематско испитување**

Испитувањето на родителите/ негувателите почнува со прашања од отворен тип цел да се искажат грижите:

- Дали имате грижи во врска со начинот на кој вашето дете одговара/реагира на вас и на другите луѓе?
- Дали имате грижи во врска со начинот на кој вашето дете си игра со играчките?
- Дали имате некои тешкотии во воспоставувањето на контакт со очи со вашето дете?

По овие прашања следат повеќе фокусирани прашања поврзани со возраста:

- Дали вашето дете дома носи некакви интересни предмети на пример цртеж на играчка, за да ви ги покаже?
- Како вашето дете се занимава по дома?
- Како вашето дете стапува во интеракција со другите деца?
- Дали вашето дете се вклучува во игри со преправање, на пример да ја храни куклата или мечето, или да става играчка во камионот и да се преправа дека ја вози?
- Дали го имате видено вашето дете како измислува приказни со играчки/акциони фигури?

**Типична шема на однесување: развивање самосвесност**

- Активностите стануваат повеќе намерни и целни до 12 месечна возраст;
- Развива смисла за себе-препознавање во огледалото (20 месеци) и на слики (24 месеци);
- Изразување на себе-свесни емоции како срам и засрамување (18-24 месеци);
- Изразување на емоции преку зборови (од 2 години нагоре);
- Учење како да се искажат емоциите соодветно во различни ситуации (од 3 години нагоре);
- Разбирање на намерите на другите до 10-12 месечна возраст;
- Споделување на сопствениот интерес и намери со другите преку споделено (заемно) внимание од 12 месеци натаму.
- Разбирање дека туѓите желби може да се разликуваат од сопствените, и развивање на способност да се прават конекции меѓу желбите и позитивните или негативните емоции, на пример исполнување на желбите води кон позитивни емоции (од 24 месеци натаму).
- Разбира дека другите може да размислуваат или да реагираат на она што тие сметаат дека е точно и дека тие верувања може да бидат различни за различни луѓе (од 2 ½ до 3 години);
- Разбира дека верувањата на другите луѓе може да не бидат точни – разбирање на погрешното верување (4 години);
- Одговара на туѓата експресија на вознемиреност преку нудење на утеха од 2 ½ години па натаму;
- Почнува да споделува со групата на врсници од 3 години натаму;
- Преговара со другите со цел одржување на социјалните интеракции 4-5 години;
- Игра со намера, цел и барем некој краток план, од 12 месеци натаму;
- Употреба на познати објекти во некоја функционална цел, прво на себеси (12 месеци) а потоа со родителите/негувателите од 14-18 месеци;
- Рана игра на преправање: изведување на познати рутини од 18 месеци до 2 години;
- Игра на улоги и појава на кратки секвенци на имагинативна игра со замена на објекти (на пример кутијата е кола) од 2 ½ до 3 години;
- Создавање на сценарија со фантазија преку употреба на минијатурни играчки или замена на објекти, од 4 години па натаму;
- Следење на правилата за групни игри во соработка со други деца, од 5 години па натаму.

**Опсервација/испитување**

Опрема која е потребна за испитувањето:

*Телефон, четка за коса, минијатури-куклички, играчки- животни, акциони фигури, мебел за куќа за барбики, сет за чај, причинско-последични играчки, играчки за градење, коцки, јаженца, мали парчиња облека, неповрзани мали играчки.*

| | |
|---|---|
| **Социјална насмевка** | Како резултат на насмевката на родителот или негова вокализација |
| **Социјално очекување** | Посакувано учество во бркање и игри со чекање ред (еднаш ти-еднаш јас) |
| **Покажување со прст** | Со цел да се праша или со цел да се сподели интерес |
| **Социјално упатување** | Проверка на родителот со цел да се добие уверување |
| **Покажување** | Го добива вниманието на родителот/негувателот со цел да им покаже нешто |
| **Социјални интеракции** | Покажува интерес за други деца. Иницира интеракции преку добивање на внимание, и одговара на другите. Комбинира контакт со очи и фацијални експресии, гестови и зборови/гласови за да контактира |
| **Групни активности** | Се вклучува во некои групни/споделени активности со другите |





| | |
|---|---|
| **Преправање** | Се преправа дека предметите се нешто друго во играта или нуди замислена храна/пијалок |
| **Игра** | Игра интерактивни игри со наизменично чекање ред (еднаш ти/еднаш јас) |

**Провоцирање на одговори при опсервацијата**

Една сесија на полу-структурирана игра е корисна за собирање на информации во врска со социјалните интеракции на детето и способностите за игра како и говорот, јазикот и комуникацијата. Таква сесија вообичаено започнува со „слободна игра“ со развојно соодветни играчки како играчки со причина и последница, играчки за градење, кукли, сет за чај и/или акциони фигури. Испитувачот потоа го води детето кон следниот сет на активности:

- Активности за интерактивна игра со цел да се набљудува промената на редот и имагинативната игра;
- Охрабрување на детето да прави избори, или да прашува за повеќе, преку отпочнување и паузирање на активности, како што се дување на балони или меурчиња;
- Подготвување на активности за преправање или играње на улоги со цел да се провери креативноста на детето;
- Користење на ситуации за игра и „од-до“ разговори.

Ако детето одбива да се вклучи и да комуницира со испитувачот, многу активности можат да се изведат со родителот/негувателот, под водство на испитувачот.

**Отстапувања од стандардите за календарската возраст**

- Не покажува со прст или не користи други гестови до 12 месеци;
- Нема здружено внимание и не покажува играчки или други објекти на возрасен до 18 месеци;
- Отсуство на едноставна игра со преправање (на пример хранење на кукла) до 24 месеци;
- Репетитивна (повторувачка) игра со играчки (на пример подредување на предмети);
- Осамена (индивидуална) игра со недостиг за социјален интерес кон другите;
- Специфичен пристап кон другите деца или возрасни;
- Минимално препознавање и респонсивност (желба за одговор) кон експресија на среќа или вознемиреност на другите луѓе;
- Ограничена палета на имагинативна игра, посебно недостиг на социјална имагинација (не се вклучува со другите во заедничките измислени игри);
- Повторувачко и континуирано изведување на сцени од видеа;
- Чудни односи со возрасните (несоодветно пријателски настроени/ или игнорантски однос).

Способноста да се одржува вниманието на одредени задачи и настани е од исклучителна важност за учењето. Тешкотиите во одржувањето на вниманието на задачите се честа причина за слаба социјална и образовна партиципација, но некогаш и тешкотиите во учењето може да бидат причина за слабо внимание. Испитувањето на родителите/згрижувачите и наставниците и испитувањето на вниманието и однесувањето се корисни за разбирањето на изведбата на детето и за одредување на следните чекори.

### Типични развојни шеми на внимание

**Раѓање до 18 месеци**

- бебињата го одржуваат вниманието преку истражување на играчки до 5 месеци
-од 9-12 месеци покажуваат одржливи целни активности, и ги коригираат грешките кои ги прават при барањето на скриени предмети

**18 месеци до 3 години**

- стануваат способни да преземат планирани секвенцијални активности со зголемена комлексност
- стануваат се подобри при инхибирањето на нивната импулсивност
- даваат отпор кон вмешување на друго лице и имаат потреба од помош од возрасен при промената на вниманието и пренасочувањето на вниманието кон некоја друга задача

**3-4 години**

- вниманието станува пофлексибилно – лесно пренасочување меѓу разлини задачи
- стануваат способни да ги игнорираат неважните дразби и вниманието може да се одржува (од 36 месеци

**4-5 години**

- децата сега намерно игнорираат дразби кои се ирелевантни за задачата, со тоа контролирајќи го фокусот на вниманието
- даваат напор за да ги подредат предметите (или картичките) во две категории на пример боја и форма.

**Од 5 годишна возраст**

- децата ја интегрираат информацијата од различни извори, на пример да слушаат насоки без губење на фокусот од задачата
- можат да направат план и да го спроведат со одржано и флексибилно внимание.

## Внимание, респонсивност и ниво на активност

*Импулсивноста* и високите нивоа на активност во комбинација со слабо внимание може да индицираат присуство на нарушување на намалено внимание и хиперактивност.

**Систематско испитување**

Важно е да се нотира отпочнувањето и времетрањето на загриженоста во врска со вниманието бидејќи често се појавуваат проблеми како резултат на промената во социјалните или физичките околности, како на пример селење, или здравствени или социјални промени во динамиката на семејство. Иако грижите за однесувањето често се пријавуваат од бебешкиот период па натаму, загриженоста специфично за вниманието вообичаено почнува после 4 годишна возраст. Информациите од мултипли извори во различни средини се корисни во определувањето на типот на проблемот и неговиот импакт во функционирањето.

Испитувањето на родителите/згрижувачите почнува со прашања со отворен крај со цел да се предизвика искажувањето на загриженоста:

- Дали имате некакви грижи во врска со послушноста на вашето дете?
- Дали сте загрижени за нивоата на активност кај вашето дете?
- Дали вашето дете може да се стиши кога ќе му се каже дека е прегласно?
- Дали мислите дека нивото на активност на вашето дете влијае врз учењето, семејниот живот или интеракциите со врсниците?

По ова следат, повеќе фокусирани прашања поврзани со возраста:

- Колку долго може да се фокусира вашето дете на активности како што се семејни оброци, гледање ТВ, слушање на приказни?
- Дали вашето дете може да заврши едноставни задачи без да му се одвлече вниманието?
- Дали вашето дете често ги прекинува другите и не им дозволува да кажат што сакаат?
- Дали вашето дете може трпеливо да го чека својот ред?
- Дали вашето дете е често нервозно, ги витка прстите често?
- Може ли вашето дете да работи во група?

**Опсервации/испитување**

- Опсервациите се прават во рамките на активностите кои се опишани во претходните секции.
- Директните опсервации на волевото однесување на детето, импулсивноста, нивото на активност и функционирање се корисни бидејќи даваат посебни информации на опсерваторот, кои може да не бидат на располагање за некои деца кои се уште не посетуваат градинка.
- Опсервациите на вниманието, како и опсервациите на емоциите и однесување треба да се изведуваат преку цел спектар на различни задачи/активности и да се изведуваат подолго време, пред да се направи некаква валидна интерпретација.
- Опсервациите низ спектар на структурирани задачи (вербални и невербални) и неструктурирани активности како што се слободна игра или цртање, даваат информација за некоја веројатна тешкотија во специфична развојна област (на пример слабо разбирање на јазикот) која вклучува (или во основа е) тешкотии со вниманието.
- Клиничките опсервации често се афектирани од анксиозноста на детето и нивото на мотивација може да не соодветствува на реалното детско однесување.

| Вниманието и неговите корелации | Однесувања кои се опсервираат |
|---|---|
| **Внимание при слушање** | Способност целосно да се слушаат налозите |
| | Слушање на налози без да се изгуби фокусот кон задачата |
| **Одржување на внимание** | Способност да се задржи детето на комплетни, целни и планирани активности |
| **Расеаност** | Способност да се избегнуваат дистракции како на пример други неважни предмети или активности сред изведувањето на некоја планирана задача |
| **Префрлање на вниманието** | Било кое поместување на вниманието во однос на времетраењето или во однос на промената на активноста |
| **Импулсивност** | Брзо давање на коментари, прекинување на другите, одземање од раце, брзо движење од еден предмет кон друг |
| **Ниво на активност** | Зголемена моторна активност – трчање, качување или скокање иако детето е замолено да го задржи вниманието на задачата |
| **Нетрпеливо однесување** | Непотребни и неважни движења на рацете/нозете/стапалата (удирање, тресење, дрмање), клацкање на стол, легнување на стол, однесување како кловн |

**Слабо внимание – клиничко мислење и справување**

- Загриженоста во врска со вниманието на детето станува значајна кога почнува да влијае на неговото функционирање во семејството, групата на врсници и на училиште.
- Вакво хиперактивно однесување со намалено внимание е веројатно ако има континуирани тешкотии во некои црти или корелати на вниманието (опишани погоре), во различни средини, како што е опишано од страна на родителите, наставниците и другите професионалци/чуватели.
- Различни медицински состојби се асоцирани со проблеми во вниманието кај деца од предучилишна возраст, вклучувајќи епилепсија, хипотиреоидизам, ниска родилна тежина, оштетување на слухот, и пренатална изложеност на тератогени (фетален алкохолен синдром).
- Бихејвиорални тешкотии, јазични тешкотии, тешкотии во социјалната комуникација и тешкотии во координацијата се чести кај децата со дефицит во вниманието.
- Дете со значајни грижи во врска со вниманието бара понатамошна процена од педијатар/детски психијатар и често имаат потреба од помош од наставник и психолог.
- На родителите треба да им биде понудена помош во врска со менаџирањето на однесувањето на нивното дете и развојот на неговите способности за внимавање.

*Вниманието е процес во кој се селектираат информации кои подоцна ќе бидат обработени. Стекнувањето на навики индицира дека вниманието е селективно- стимулот кој еднаш привлекол внимание не може повторно да го привлече истото внимание.*

**Типични развојни шеми на емоции и однесување**

- Од раѓање до 12 месеци, родителите им помагаат на децата да се справуваат со нивните емоции преку смирување или одвлекување на вниманието.
- Од 12 месеци натаму, децата почнуваат да ги препознаваат (социјално референцирање) и да ги почитуваат барањата на возрасните. Некогаш, родителите, преку игнорирање на детските емотивни изливи, пренесуваат порака дека одреден емотивен одговор не го привлекува нивното внимание.
- До 24 месеци, децата се здобиваат со некоја себе-контрола во однос на сопственото однесување, преку одложување на одредена акција ако има барање за тоа (од родител/негувател најчесто).
- Како што кај децата се подобрува разбирањето на јазикот, родителите им помагаат да ги менаџираат своите емоции преку давање на уверување (на пример: знам дека си тажен но ќе бидеш ок), алтернативно значење на емотивна дразба (на пример: немав намера да те вознемирам) или други алтернативи (на пример: зошто да не направиме картичка и со тоа да покажеме дека ти е жал).
- Од 3 години натаму, децата покажуваат способност да го модифицираат однесувањето врз основа на ситуациони правила (активна игра на игралиштето/седење и внимавање на час). Тие сега бараат помош при стресни ситуации.
- Постепено, до 4-5 години, контролата врз изразувањето на емоциите се менува и оди од барање на надворешна помош кон интернализирана себе-регулација која е заснована на разбирање и резонирање .Тие исто така почнуваат да ги кријат или да ги модулираат нивните емоции на еден социјално прифатлив начин.

# Емоции и однесување

*Тешкотиите со регулирањето на емоциите и однесување се чести и влијаат врз секојдневното функционирање на децата. Кај некои деца овие тешкотии може да упатуваат кон присуство на развојно нарушување. Структурирано испитување и опсервација може да помогнат во одлуката за потребата за препорака за понатамошна процена и меанцирање на состојбата*

**Систематско испитување**

Отпочнувањето и траењето на загриженоста во врска со емотивните тешкотии се многу важни да се нотираат, бидејќи може да се појават транзиторни проблеми како резултат на промени во социјалните или физичките околности, како на пример промена на живеалиште, или здравствени или други промени во динамиката на семејството. Загриженоста во однос на однесувањето вообичаено почнува од втората година па натаму. Информациите во врска со однесувањето во различни средини, на пример училиштето или групата за играње, социјални информации како што се семејната динамика и како различните членови на семејството реагираат на проблемот, се корисни во определувањето на типот на проблемот и неговиот функционален аспект.

Испитувањето на родителите/ згрижувачите почнува со прашања со отворен крај со цел да се дознаат некои грижи:

- Дали сте загрижени околу однесувањето на вашето дете? Ако да, каде е проблемот во однесувањето, колку долго трае и што го предизвикува однесувањето и како се справувате со тоа?
- Ако вашето дете е агресивно, односно често влегува во тепачки со други деца, повредува други или делува злонамерно кон другите?
- Дали сте загрижени дека вашето дете е несреќно, тажно или плачливо? Ако да, колку долго?
- Дали вашето дете често делува загрижено? Ако да, во кои ситуации?
- Дали сте загрижени дека вашето дете е плашливо? Ако да, во кои ситуации?
- Дали вашето дете некогаш намерно се има повредено себеси?

**Опсервација (или испитување на родител / негувател)**

Децата изразуваат чести промени на чувства, расположение, анксиозност и страв со нивната фацијална експресија, гестови, гласот и зборовите, на пример кога се возбудуваат поради играње со играчка и негодување кога не добиваат нешто што сакаат да добијат; криење позади нивните родители пред постепено да почнат да учествуваат во активностите. Интерпретирањето на емоција е често субјективна одлука. Однесувањето кое се опсервира треба да биде прво нотирано пред да се опише интерпретацијата на родителот и на опсерваторот. Било кои промени во однесувањето се нотираат со промена на активноста, ситуацијата или со било која интеракција меѓу родителот и детето.

- Што сметате дека го предизвикало однесувањето?
- Како реагираше родителот/негувателот?
- Колку долго траеше однесувањето?
- Што помогна во неговото менаџирање?
- Како однесувањето влијаеше врз завршувањето на задачите кај детето?



**Опсервирање на регулацијата на емоции на детето**

Емоционалниот израз и однесување се опсервираат преку испитување на било која развојна област. Како и да е, овие опсервации најдобро е да се изведуваат во домашни услови, градинка, училиште или игротека/лулшки. Валидноста и користа од опсервациите се подобруваат преку повторување на опсервациите придржувајќи се до следните принципи:

- Опсервирање и на однесувањето и на контекстот. Контекстот е најчесто најважното влијание врз однесувањето на едно дете.
- Избегнување на претходни очекувања во врска со некои однесуваа од страна на детето бидејќи тоа може да влијае врз тоа како се однесуваме кон детето.
- Правење на објективни опсервации и избегнување на давање заклучоци и претпоставки, на пример: „детето ја зема играчката од братот/сестрата„ наместо „детето се однесуваше себично" или „детето плачеше" наместо „детето беше тажно", или „детето трчаше низ собата во најголемиот дел од времето" наместо „детето беше хиперактивно". Интерпретациите на опсервираните однесувања може да бараат синтеза на информации од повеќе информанти во различни околности.
- Задачите кои му се нудат на детето кога неговото/нејзиното однесување станува негативно мора да бидат развојно соодветни (соодветни на развојот).

**Слаба емоционална регулација – размислувања за справување**

- Најчесто причината за слабата емоционална регулација е интеракцијата меѓу факторите поврзани со детето и срединските стресови кои се јавуваат како резултат на слабо родителство или семејна дисфункција, лоши социо-економски услови и барања кои произлегуваат од ситуацијата или задачата.
- Поголемиот дел од однесувањето може да се смени – преку помагање на детето и на родителите како и размислување за начини на кои можат да се намалат стресовите. Мултидисциплинарниот пристап кој вклучува здравствени професионалци од примарната заштита, учители и детски и семејни услуги се често барани со цел да се адресираат значајните грижи.
- Децата со развојни нарушувања може да имаат тешкотии при генерирањето на алтернативно однесување како резултат на опомените и границите поставени од чувателите; на овие деца може да им требаат специфични техники за интервеција, на пример употребата на визуелна поддршка за деца со АСН.
- Промената во однесувањето на детето со промената на барањата од одредена задача или промената на типот на активноста, на пример преминување од вербални кон невербални интеракции засновани на игра може да покажуваат дека има развојни тешкотии кај детето. Детето може едноставно да го избегнува искуството или неуспехот преку одбивање или правење на диверзии, на пример кога станува агресивно.

**Опсервирање на интеракција меѓу родителот и детето**

Осетливоста на родителите и нивните одговори кон однесувањето на детето се важни индикатори за интеракцијата меѓу родителот и детето. Негативноста на родителот кон детето, која може да биде изразена во нивниот опис на детето или да се види во несоодветниот опис на однесувањето на детето, на пример: верување дека детето прави нешто намерно за да ги вознемири, може да биде причина за загриженост. Како и да е, треба да се запомни дека опсервациите на интеракциите меѓу детето и родителот во структурирани или вештачки средини може да не бидат репрезентативни за оние кои нормално се одвиваат во домот и симплифицираната интерпретација на интеракцијата родител-дете може да направи поголема штета отколку добрина.

Опсервациите може да се прават на:

Детето

- Барање на близина по некое стресно искуство;
- Покажување на афекција кон родителите;
- Било кои негативи однесувања кон родителите на пример: избегнување или повлекување;
- Континуирани обиди да се контролираат родителите, на пример преку нивно казнување или барања;
- Барање на непотребна блискост или афекција од непознати возрасни.

Родителот

- Како родителот му пристапува или реагира на детето, на пример: поздравување или барање на физичка блискост (гушкање, утешување);
- Нивниот емотивен одговор, на пример: да бидат среќни/позитивни или исплашени/несигурни;
- Да бидат конзистентни или неконзистентни во нивните одговори, на пример: охрабрување и величање или потсмевање и задевање или оттргнување на детето од нив;
- Покажување на ненадејни промени во расположението или давање на контрадикторни сигнали на детето – поканување а потоа одбивање на детето или потсмев на вознемиреноста на детето;
- Покажување на средина со соодветни ограничувања и награди за однесувањето на детето;
- Покажување на било каква конфузија на улогите, на пример: молење на детето, или заканување со плачење (од страна на родителот) или разговарање со детето како да е возрасен партнер.

Описите на родителите на детето исто така даваат клинички релевантни информации за односот меѓу родителот-детето. Клучните поенти кои би покренале загриженост во однос на релацијата родител-дете се:

- Недостиг на позитивно опишување на детето;
- Индиферентно, непријателско или неперсонално опишување на детето;
- Израз на срам, вина или разочарување во врска со детето;
- Израз на гнев, непријателство или разочарување во врска со потребите на детето, негово опишување како товар врз родителите, или неуспех во замислувањето на потребите на детето;
- Опишување на детето како пријател, врсник или доверливо лице;
- Некоординираност помеѓу прекрасниот опис на чувствата што родителите го даваат наспроти непријателското опишување на детето.

| Начини на мерење на однесувањето кај деца | | |
|---|---|---|
| Метод | Предности | Недостатоци |
| Природна опсервација | Го забележува однесувањето на детето во неговата природна средина | Тешко за идентификување на однесувањето кое е ретко или однесување кое се јавува во приватно опкружување |
| Структурирана опсервација | Може да се користи за опсервирање на однесување кое ретко се јавува или кое се јавува во приватно опкружување | Може да биде неважечка ако структурираната поставка го искривува однесувањето |
| Модел на однесување со задачи | Може да се користи за проучување на поголем број на различни однесувања | Може да биде неважечка ако задачата не го предизвика однесувањето кое се појавува во природна средина |
| Самоевалуација | Може да се користи за проучување на поголем број на различни однесувања | Може да биде неважечко бидејќи децата можат да дадат погрешни одговори поради заборавање или пристрасност |

Физичките испитувања се прават од страна на соодветно квалификуван практичар, на пример: педијатар, сестра, детски психијатар или педијатриски невролог – примарно за да се најде причината и/или други отстапки кои се поврзани со развојните нарушувања.

Физичкото испитување има ограничена но важна улога во клиничката евалуација на деца со можни развојни проблеми. Може да придонесе кон:

- Давањето на насоки за причината за развојното оштетување, на пример дизморфични црти кои бараат генетско тестирање, мал обем на глава кај феталниот алкохолен синдром и поретко, абнормални ознаки на кожата како индикатор за туберозна склероза.
- Идентификување на било кои придружни невролошки оштетувања со прикажаното развојно оштетување, на пример: абнормални движења на очите, голема глава, груби црти, хипотонија и церебеларни проблеми и проксимална мускулна слабост кај Душеновата мускулна дистрофија.
- Идентификување на причината за промена во однесувањето кај деца кои не се способни вербално да комуницираат, на пример: запек, тешки зглобни или забни апсцеси.
- Само-нанесувачки повреди може да се опсевираат кај некои деца со развојни нарушувања, на пример: грицкање на прстите, тегнење на коса, брцање во очи.
- Давање на информации во врска со грижата или запоставувањето (во однос на хигиена, раст) или црти на физичка злоупотреба.

*Невролошките благи знаци (на пример: дисдиадококинезис, огледални движења) често се сретнуваат кај деца од предучилишна возраст со развојни тешкоти но се неспецифични за дијагностички цели.*

## Физички испитувања

*Клиничарот кој го прави испитувањето ја објаснува целта на родителите, кажува што е направено и ги споделува резултатите со родителите и другите клиничари, доколку е релевантно.*

Најрелевантните аспекти на физичкото испитување на децата кај кои има развојна загриженост се:

- Дали детето изгледа згрижено?
- Исхрана и раст – висина и тежина – да се исцрта во картата на растење на СЗО.
- Дизморфични црти.
- Атаксичен ôд.
- Опсервирање дали детето може да земе нешто од подот со што се исклучува проксимална слабост.
- Абнормални движења на очите.
- Абнормални рефлекси, тонус, сила, држење и движења.
- Било кои асоцирани стереотипични моторни движења, моторни или вокални тикови.
- Било каков доказ кој сугерира ненамерна повреда.

Почнувајќи од подоцнежниот дел од инфантилниот период, децата почнуваат да развиваат независни вештини за грижа за себе. Културните и семејните практики, погледите за вредноста на независноста во активностите на секојдневниот живот и грижата за безбедноста, барем до одреден степен, влијаат на тоа и кога децата учат за грижата за себе. Сепак, корисно е да се распрашате за овие вештини бидејќи тие се однесуваат на општата когнитивна способност на детето, а исто така обезбедуваат информации за какви било стресови поврзани со грижата за децата дома.

Првичните обиди на децата се однесуваат на хранење и започнуваат со укажување на потребата за фаќање на шишето или лажица (6 месеци). До 9 месеци тие можат да држат, да гризат и да џвакаат од храната, како што се бисквит или банана, и можат да фатат лажица - но постигнувајќи само неуреден обид да се хранат со неа до 12 месеци. Приближно во исто време тие можат да пијат од шолја (поефективно до 18 месеци) и исто така почнуваат да помагаат (учествуваат) во облекување облека, на пр. со испружување на рака за облекување на ракавот и стапалото за чевел. До 2-годишна возраст тие можат компетентно да се хранат со лажица и да пијат од шолја - да ја вратат чашата назад без да се истури. Тие, исто така, во овој период ги вербализираат нивните потреби од тоалет. Неофобија од храна (одбивање да пробаат нова храна) е честа појава кај децата помеѓу 18 месеци и 3 години, но може да предизвика значителна вознемиреност кај негувателите.

Децата почнуваат да користат виљушка и лажица на возраст од 3-3.5 години. Компетентно користат нож и виљушка до 5 годишна возраст. До 3.5-4 години тие можат да ги мијат рацете и можат сами да се соблекуваат и облекуваат со мал надзор. До 5 години децата обично можат да се хранат, да се облекуваат/соблекуваат и да ги мијат забите самостојно.

**Систематско проценување**

Разговорите со родителите започнуваат со отворени прашања со цел да се извлечат какви било грижи:

- Дали имате грижи во однос на хранењето, џвакањето или голтањето кај вашето дете?
- Дали мислите дека вашето дете е повеќе или помалку независно од другите деца на иста возраст?

Табелата која следи е добиена со поставување прашања на родителите во однос на грижата за себе и самостојноста, а поврзано со возраста на детето:

## Грижа за себе и независност

*Повеќето информации во врска со вештините од грижа за себе се собираат од родителите/негувателите, иако некои практичари ќе бидат во можност директно да набљудуваат ситуации во кои детето ќе ги покаже вештините на јадење, пиење, облекување и користење на тоалет.*

Табела 6. Способности за грижа за себе

| Очекуван возрасен распон | |
|---|---|
| **Дали вашето бебе се обидува да држи шише/чаша/шолја за да пие?** | 6-9 месеци |
| **Дали вашето бебе држи некоја храна, како бисквит или банана за да јаде?** | 8-10 месеци |
| **Дали вашето бебе помага во облекувањето/соблекувањето, на пр. со кревање на рацете или подигнување на стапалото** | 12-18 месеци |
| **Дали вашето бебе се храни само со лажица?** | 15-24 месеци |
| **Дали вашето дете пие од шолја и повторно ја спушта без да истури?** | 12-24 месеци |
| **Дали вашето дете може да јаде со виљушка и/или нож?** | 3-4 години |
| **Колку самостојно може вашето дете да се облекува сега?** | Генерално независни од 5 години |
| **Дали вашето дете може да ги мие рацете и да ги брише со крпа?** | |
| **Дали вашето дете може самостојно да ги мие забите?** | |
| **Дали вашето дете може самостојно да го користи тоалетот?** | |

**Отстапувања од стандардите предвидени со календарската возраст**

Поголемиот дел од варијациите во самопомош и независни вештини може да се препишат на социо-културниот контекст. Меѓутоа, невролошките и развојните нарушувања кои влијаат на општиот развој, перцепцијата и координацијата на движењата може да резултираат со значително доцнење или специфични потешкотии на пр. кашлање/гушење при голтање. Понатамошна помош треба да се добие за:

- Секоја загриженост во врска со хранењето или голтањето на доенчето
- Недостаток на интерес или способност да се храни себеси над 2-годишна возраст
- Недостаток на контрола на сфинктер на возраст над 3 години.
- Ригидно инсистирање на само наметнати рутини за грижа за себе, вклучително и водење на строго ограничени диети.

ПРИЛОГ: Развојни скали

| **Скала на моторен развој, 0-12 месеци** | |
|---|---|
| **Новороденче** | - ја движи главата од средишна положба на страна<br>- екстремитетите се во потполно свиткана положба<br>- рефлексни движења на лазење<br>- ја држи главата на страна, без привилегирана страна (во лежечка положба)<br>- се отфрла наизменично, без привилегирана страна<br>- кога ќе ја постави во седечка позиција, ја крева главата напред-назад, во траење од една (1) секунда<br>- примитивна реакција на потпирање на нозе: испружување на колковите и колената во прилика на исправување<br>- автоматски движења налик чекори во прилика на наизменично префрлување на тежината |
| **Крај на 1. месец** | - ја држи главата исправено најмалку 3 секунди<br>- поставено во позиција на грб ја држи главата на страна 10 секунди |
| **Крај на 2. Месец** | - ја крева главата под агол најмалку 45°<br>- ја држи главата исправено најмалку 10 секунди<br>- во позиција на седење ја држи главата најмалку 5 секунди<br>- преодна фаза: постепено престануваат реакциите на потпирање и автоматизмот во чекорењето |
| **Крај на 3. Месец** | - ја крева главата помеѓу 45° и 90°<br>- ја држи главата исправено најмалку 1 минута<br>- се потпира на двете подлактици<br>- колковите најчесто се делумно испружени<br>- во позиција на седење ја држи главата исправено најмалку 30 секунди<br>- главата не паѓа наназад во прилика на подигнување на детето во позиција на лебдење<br>- на поставување во позиција на стоење нозете се свиткани<br>- -по поткревањето на главата во позиција на стомак ја спушта главата полека кон подлогата (не ја пушта сама да падне) |
| **Крај на 4. Месец** | - сигурно потпирање на подлактица<br>- при обид на тракција (нежно повлекување до 45° ) ја крева главата и нежно ги крева нежно свитканите нозе<br>- во прилика на допирање на подлога ја прекинува свитканата положба на нозете и ги исправува колената и скочниот зглоб |

| | |
|---|---|
| **Крај на 5. месец** | - ја прекинува положбата на потпирање на подлактица со поткревање на рака<br>- повторува движења на испружување на нога (плива)<br>- ја држи главата кога е во позиција на седење и тогаш кога трупот е навален на една страна<br>- се потпира на врвовите на прстите на нозете |
| **Крај на 6. Месец** | - се потпира со испружени раце на отворена или полуотворена дланка<br>- при странично поткревање на подлогата од страна на испитувач ги спушта раката и ногата кои се во повисока позиција ( реакција на рамнотежа)<br>- при обид на тракција ги свиткува нежно двете раце<br>- има добра контрола на главата во позиција на седење при свиткување на трупот во сите правци<br>- ги испружува нозете во колената и колковите, при што најмалку 2 секунди ја превзема телесната тежина на себе (без потпирање)<br>- само се повлекува од позиција на лежење во позиција на седење (напрега рамена и крева глава)<br>- поставено во позиција на седење со поддршка посегнува по објект/играчка<br>- војничко лазење |
| **Крај на 7. месец** | - ја држи едната рака најмалку 3 секунди над подлогата<br>- способност на рацете да отскокнат<br>- активно се врти од позиција на грб во позиција на стомак<br>- во позиција на лежење си игра со своите стопала (координација око-рака)<br>- федерира (игра) на цврста подлога ако некој го држи за труп |
| **Крај на 8. Месец** | - преодна фаза во однос на развој на лазење и одење (види 7. и 9. Месец)<br>- се крева од позиција на лежење кога му се подаваат прсти<br>- седи само најмалку 5 секунди ако се придржува од предна страна |
| **Крај на 9.месец** | - седи самостојно најмалку 1 минута<br>- стои најмалку 30 секунди , превземајќи ја тежината на телото на себе, ако се држи за двете раце<br>- лази на раце и колена<br>- без да падне преминува од позиција на стоење во позиција на седење |
| **Крај на 10.месец** | - се лула на раце и колена<br>- само се исправува од лежечка во седечка позиција, држејќи се за делови од мебел |

| | |
|---|---|
| | - долго седење: седи слободно, грбот е прав, а нозете нежно испружени<br>- стои самостојно држејќи се за некој предмет<br>- лази некоординирано<br>- -од позиција на лазење преку потпирање на колкот, го исправува трупот и преминува во седечка позиција |
| **Крај на 11.месец** | - лази на раце и колена со вкрстена координација напред и назад<br>- сигурна рамнотежна при долго седење (11. и 12. месец)<br>- се крева самостојно на нозе, држејќи се за делови од мебел<br>- наизменични движења на нозете во место и на страна<br>- прави чекори нанапред кога се држи за двете раце |
| **Крај на 12.месец** | - сигурно лазење<br>- сигурна рамнотежа при седење<br>- оди држејќи се за делови на мебел<br>- прави чекори напред држејќи се за една рака |

| **Скала на развој на крупна моторика, 1-5 години** | |
|---|---|
| **12 месеци** | - се движи држејќи се за мебел<br>- држејќи се за мебел клекнува да подигне објект од подот без да падне на падот |
| **13 месеци** | - оди само 10 чекори (интервалот на проодување се движи од 9-18 месечна возраст) |
| **14 месеци** | - стои само најмалку 5 секунди |
| **15 месеци** | - оди само 10 чекори<br>- (Се зема како средна возраст. Интервалот на проодување се движи од 9-18 месеци возраст |
| **16 месеци** | - се наведува и се исправува |
| **17 месеци** | - трчка наоколу |
| **18 месеци** | - оди три чекори наназад<br>- се обидува да се качи на стол за возрасен за да седне |
| **19 месеци** | - качува три скали кога се држи со двете раце |
| **21 месеци** | - се симнува по скали држејќи се со двете раце |
| **22 месеци** | - шутира топка без држење |
| **23 месеци** | - се качува по скали држејќи се за една рака |
| **24 месеци** | - основата на одот се стеснува, стапалата се само малку раздвоени<br>- рацете се движат реципрочно со нозете<br>- почнува да трча внимателно<br>- фрла топка со крената рака |
| **25 месеци** | - се симнува по скали држејќи се за една рака |
| **31 месеци** | - скока со двете нозе |
| **33 месеци** | - оди по скали, прави наизменичен чекор држејќи се со една рака |
| **36 месеци** | - стои на една нога 1 секунда без држење<br>- фаќа понудена голема топка<br>- оди 5 чекори по линија |
| **37 месеци** | - оди по скали надолу правејќи чекор држејќи се за една рака |
| **40 месеци** | - оди 3 чекори на пета |
| **44 месеци** | - прескокнува висина од 5 см со наизменичен чекор |
| **45 месеци** | - прескокнува ширина од 20 см |
| **48 месеци** | - фрла топка со крената рака во правец на соиграч на растојание од приближно 2 метри<br>- потскокнува на едната или другата другата нога најмалку еднаш без да изгуби баланс<br>- скока напред со двете стапала споени на растојание од помалку од 1 м.<br>- одржува баланс при стоење на една нога најмалку 5 секунди |
| **57 месеци** | - оди поткренат на прсти по должина од приближно 4 метри<br>- потскокнува на една нога по должина од 2 метри без да го спушти другото стапало на подот<br>- прескокнува препрека со наизменичен чекор |

| Скала на развој на фина моторика, 0-12 месеци | |
|---|---|
| **Новороденче** | - дланките се најчесто затворени<br>- изразен рефлекс на фаќање |
| **2. месец** | - преодна фаза: дланките често се делумно отворени |
| **3. месец** | - ја поместува раката со полуотворена дланка во правец на црвен предмет кој му се нуди<br>- ги следи движењата на сопствените раце |
| **4. месец** | - рацете се често отворени<br>- рацете си играат помеѓу себе<br>- става играчка во уста (координација рака-уста) |
| **5. месец** | - кога се држи во скут, во седечка позиција посегнува по играчка која е во видно поле, без оглед дали досега до неа<br>- ја насочува раката до играчката и ја опипува (координација око-рака) |
| **6. месец** | - иницијалното земање објект со двете раце се заменува со фаќање со една рака<br>- свесно зема понудена играчка и ја задржува до 1 минута<br>- палмарно фаќање со целата површина на дланката и со испружен палец<br>- преместува играчка од една во друга рака<br>- зема мал објект од подлога со една рака<br>- удира објект од под или маса |
| **7. и 8. месец** | - фаќа со двете раце по една коцка и свесно ги задржува во дланка кратко време<br>- зема мала плочка со прстите и испружен палец без дланката да ја допре плочката |
| **9. месец** | - намерно пушта предмет да падне<br>- истражување со примена на показалец<br>- спушта објект на подлога без да ја отвори дланката пред време |
| **10. месец** | - пинцета фат<br>- фаќа мали предмети со испружени показалец и палец<br>- удира една коцка од друга повеќе пати |
| **11. и 12. месец** | - фатот е како клешта<br>- фаќа мали предмети со свиткани показалец и палец<br>- контролирано ослободување на притисок на рака (става една коцка врз друга) |

| Скала на развој на фина моторика, 1-5 години | |
|---|---|
| **12 месеци** | - фаќање со двете дланки како со клешти<br>- спушта мала играчка без да ја испушти од раце<br>- фрла мала топка со мало движење на раката кон напред<br>- турка количка (играчка) 10 цм |
| **16 месеци** | - удира или шкрта со молив по лист |
| **17 месеци** | - листа 2 (две) страници на сликовница со помош во поткревање на страниците<br>- сложува 3 (три) коцки една на друга<br>- става 2 (два) прстени на сталак |
| **19 месеци** | - шврља цртички на лист |
| **21 месеци** | - вовлекува конец / врвка во перла |
| **24 месеци** | - повлекува квака на врата<br>- листа страници на книга една по една<br>- шкрта спирални црти<br>- одвртува капачиња/штрафови |
| **25 месеци** | - гради кула од 5 коцки |
| **26 месеци** | - става 3 (три) чкорчиња во мала кутија |
| **28 месеци** | - навива играчка на навивање |
| **29 месеци** | - нанижува голема перла на врвка<br>- врти клуч на врата |
| **32 месеци** | - гради кула од 7 (седум) коцки |
| **35 месеци** | - завртува капачиња/штрафови |
| **36 месеци** | - нанижува 4 (четири) големи перли на врвка |
| **37 месеци** | - повлекува со молив преку нацртани линии<br>- гради кула од 9 (девет) коцки<br>- обликува кобасица од пластелин на маса<br>- сече со ножички со 2 (две) движења |
| **38 месеци** | - прецртува круг |
| **42 месеци** | - користи тропрстен фат при користење на алатка за пишување |
| **48 месеци** | - отпетлува/ запетлува големи копчиња<br>- прецизно сече со ножици права линија<br>- прецртува квадрат (едниот агол може да биде тап или заоблен) |
| **60 месеци** | - правилно црта квадрат и триаголник (цртеж куќа) |

| Скала на развој на перцепција, 0-12 месеци | |
|---|---|
| **Новороденче** | - покажува реакција на негодување на екстремни светлосни и звучни дразби |
| **Крај на 1. месец** | - следи со поглед тропалка на двете страни до $45^0$ |
| **Крај на 2. и 3. месец** | - следи кога родителот се поместува од едно до друго место во просторијата<br>- со погледот следи тропалка поставена на растојание од 25 цм , од еден до друг крај на агол на око<br>- реагира на звук на ѕвонче задржувајќи го погледот или движењето<br>- поставено на грб, додека му се покажува играчка прави движења со рацете како да посегнува по играчката |
| **Крај на 4. месец** | - ги набљудува играчките во својата рака<br>- со поглед следи играчка која родителот ја движи бавно на растојание од 25 цм<br>- набљудува или става во уста играчка која му е дадена во рака |
| **Крај на 5. месец** | - со поглед бара од каде доаѓа изворот на специфичен звук |
| **Крај на 6. месец** | - со поглед ја следи играчката што паднала<br>- се обидува да посегне по играчка која ја испуштило, доколку таа сè уште е во видното поле<br>- превзема играчка од едната во другата рака<br>- си игра удирајќи ја играчката од маса или доколку држи два објекти во секоја рака поединечно ги удира објектите еден од друг |
| **Крај на 7. и 8. месец** | - се обидува да досегне до некој предмет кој може да го дофати само со промена на позиција<br>- почнува да осознава причина и последица: ѕвонење со ѕвонче<br>- зема 2 (два) објекти во секоја рака поединечно и ги држи приближно 1 (една) минута |
| **Крај на 9. месец** | - забележува коцка во кутија и ја протнува раката за да ја дофати<br>- повлекува посакувана играчка на врвка<br>- перманентност на објект- почнува да бара целосно скриен објект<br>- причина/последица: притиска големи копчиња за да активира музичка играчка<br>- пронаоѓа играчка која видело каде е комплетно скриена (под платно или хартија) |
| **Крај на 10. и 11. Месец** | - намерно фрла играчки<br>- со показалецот допира детали на играчки<br>- користи слични објекти за иста намена (далечински управувач го користи како телефон) |
| **Крај на 12. месец** | - фрла мали плочки во кутија, една по една<br>- поместува играчка автомобил<br>- имитира ставање мал објект во кутија<br>- имитира кратко шкртање со боица по лист |

| Скала на развој на перцепција, 1-5 години | |
|---|---|
| **12 месеци** | - повлекува врвка како би ја приближил играчката<br>- копира дејство на ставање на објект во кутија (може да не го испушти објектот во кутијата |
| **13 месеци** | - асоцијации: кога држи молив бара лист хартија |
| **14 месеци** | - става неколку ситни објекти во кутија едно по друго (може и да го копира дејството)<br>- ја знае функцијата на познати објекти , пр. со чешелот чешла коса<br>- по модел, се обидува да посегне по објект на алтернативен начин, пр. да дофати објект со лажица |
| **15 месеци** | - распоредува капак на соодветна кутија |
| **18 месеци** | - превртува шише/висока кутија за да извади објект кој е внатре во шишето |
| **20 месеци** | - става еден цилиндар во друг (може две чаши со различна големина)<br>- копира барем две мимики : отворање/затворање уста, трепкање со очи, тапкање образ<br>- превртува во правилна позиција објект кој му е понуден обратно свртен , пр. лажица, чаша, шише<br>- користи алтернативен начин за да досегне посакуван објект, пр. зема столче и се качува на него |
| **22 месеци** | - отвора шише/тегла за да извади мал објект |
| **25 месеци** | - распоредува мали и големи кругови |
| **28 месеци** | - става 3 (три) дрвени цилиндри еден во друг<br>- враќа објекти на местото од каде ги земал |
| **30 месеци** | - спарува објекти/картички според боја<br>- повторува низа од 2 (два) броја по истиот редослед, пр. „Кажи 7,4“<br>- ако е прашано , дава име на „цртеж’ кој го нацртал |
| **31 месеци** | - става круг, квадрат и триаголник во соодветен калап<br>- сложува најмалку 4 (четири) коцки во низа<br>- сложува 4 од 6 облици во кутија со калап |
| **32 месеци** | - распределува 3 (три) различни големини |
| **35 месеци** | - препознава и распределува 4 (четири) бои |
| **36 месеци** | - сложува повеќе од 6 (шест) облици во соодветен калап |
| **40 месеци** | - гради мост од 3 (три) коцки по модел<br>- повторува низа од 3 (три) броеви по истиот редослед по кој се зададени |

| | |
|---|---|
| **42 месеци** | - именува најмалку 4 бои<br>- разликува долга/кратка линија<br>- гради воз од коцки<br>- почнува да игра игри на улоги |
| **48 месеци** | - гради квадрат од 4 (четири) коцки<br>- разликува најголем од најмал<br>- умее да преброи 5 (пет) објекти<br>- разбира и користи зборови кои претставуваат категории ,пр. играчки, храна<br>- ужива во шеги и вербални неправилности, вклучувајќи и свесност за груби, неучтиви зборови |
| **54 месеци** | - гради скала од 6 (шест) коцки<br>- брои до 15 |
| **60 месеци** | - разликува утро од вечер<br>- препознава броеви најмалку до 3<br>- препознава барем 2 (две) букви од своето име |

| **Скала на развој на говорот, 0-12 месеци** | |
|---|---|
| **Новороденче** | - плаче кога е незадоволно<br>- силно цица |
| **Крај на 1. месец** | - вокали помеѓу **а** и **е**, често во комбинација со гласот х<br>- испушта грлени звуци кога е задоволно |
| **Крај на 2.месец** | - гласови: **е-хе, ек-хе, е-рree**<br>- вокализира во интеракција/игра со родител |
| **Крај на 3 месец** | - први гласовни ланци; пее самогласки - бебешки зборови со една или две самогласки |
| **Крај на 4.месец** | - лабијали (**м,б**)<br>- пискање (цикање) |
| **Крај на 5.месец** | - ритмички слоговни ланци: аа-аа-аа, еее-еее-еее |
| **6. - 7. месец** | - баблање:надоврзување на различни , јасни слогови со наизменична јачина на звукот и висина на тонот<br>- јасно покажува што му се допаѓа, а што не- прифаќа или одбива<br>- кога родител го имитира во вокализација возвраќа на ист начин |
| **Крај на 8.месец** | - шепотење<br>- преку вокализација и/или гестови повикува познати или непознати лица на интеракција |
| **Крај на 9.месец** | - јасни дупли слогови<br>- имитира весели вокализации и дејства пр. кашлање, вшмукување усни |

| | |
|---|---|
| **Крај на 10.месец** | - дијалог:точно гласовно повторување на познати слогови<br>- мелодично баблање во форма на фраза<br>- посочува со рака кон посакуван објект |
| **До 12.месец** | - први смислени слогови и зборови со значење насочени кон познати лица |

| **Скала на развој на експресивен говор, 1-5 години** | |
|---|---|
| **12 месеци** | - прв детски збор кој има смисла |
| **13 месеци** | - имитира шумови и тонови (вибрирање со усни) |
| **14 месеци** | - 4 (четири) зборови дополнително од „мама“ и „тато“ |
| **16 месеци** | - најмалку 8 зборови дополнително од „мама“ и „тато“ |
| **18 месеци** | - врзува два збора кои претставуваат различна идеја пр. „мама куче“ |
| **21 месеци** | - именува предмет ако го прашаат |
| **22 месеци** | - повеќе од 15 зборови кои ги користи<br>- користи барем една присвојна заменка- „мене“ , „мое“ или си го кажува своето име наместо присвојна заменка |
| **24 месеци** | - користи „не“ или „нема“ во фраза пр. „нема дете“ |
| **25 месеци** | - употребува именка, глагол, придавка<br>- изговара временски реченици со детски говор |
| **27 месеци** | - покажува 8 од 12 слики<br>- прашува за предмети користејќи поим кој одговара |
| **29 месеци** | - го кажува своето име како одговор на прашање како се вика |
| **30 месеци** | - именува 2 од 3 дејствија на слика |
| **35 месеци** | - кажува реченици со по 3 (три) зборови со детски говор<br>- именува 12 слики<br>- зборува во 1. Лице |
| **36 месеци** | - користи „тој“/ „таа“ |
| **40 месеци** | - именува множина на предмети на 2 од 3 слики |
| **48 месеци** | - го кажува своето име и презиме, користи главни и споредни реченици<br>- именува три предмети од иста категорија (храна, животни)<br>- дава одговор на прашања „што правиш кога си жеден/гладен/уморен?“<br>- опишува објект со неколку едноставни реченици |
| **54 месеци** | - користи реченици со 4 и 5 зборови |
| **60 месеци** | - поголемиот број гласови кои ги артикулира се со правилен изговор<br>- користи градација во компарирање (по-нај) |

| Скала на развој на рецептивниот говор, 0-12 месеци | |
|---|---|
| **1. месец** | - се врти кон извор на смирен човечки глас<br>- прави предговорни движења со усните и јазикот како одговор на говорот на родителот |
| **2. месец** | - се радува кога родителот ќе се врати во неговото видно поле |
| **4. месец** | - престанува да плаче или намалува интензитет на плачење кога познат возрасен ќе му се обрати |
| **5. месец** | - во периодот кога ќе почне да посветува поголемо внимание на предметите, може да делува дека интеракцијата се намалува |
| **6. месец** | - се врти / реагира на познати гласови, дури и кога возрасниот не е на повидок – не му е во видно поле |
| **8. месец** | - се одзива на име |
| **9. месец** | - Разбира „Не!” и „чао,чао”<br>- одговара на вербален налог да покаже или да игра нешто , без да му се покаже претходно активноста (направи чао, Ѕе, браво) |
| **10. месец** | - на прашање за одредена личност или објект ја врти главата и со поглед ја бара личноста или објектот |
| **11. месец** | - реагира на забрана со прекинување на тековната активност |
| **12. месец** | - покажува разбирање на познати зборови за луѓето кои му се познати или зборови кои се користат во семејните рутини<br>- извршува едноставни вербално зададени налози: „дојди“, „дај“<br>- користи посочување со рака/прст кога побарува објект |

| **Скала на развој на рецептивен говор, 1-5 години** | |
|---|---|
| **12 месеци** | - разбира имиња на познати луѓе или предмети, практикувани познати рутини кои се користат во секојдневните активности, на пр. „каде е твојата чаша?” |
| **14 месеци** | - следи заповед од соговорник/ едноставни вербално зададени налози пр. „дај“, „дојди“, „земи“;<br>- оди во друга соба за да изврши налог да пронајде познат објект или играчка |
| **16 месеци** | - реагира на своето име со поглед или со прекинување на започнатата активност |
| **18 месеци** | - избира именуван предмет кога се достапни и други опции пр. каде е шишето?<br>- на барање покажува кон слика која сте ја именувале пр.„каде е мачето?“, „покажи ми го кучето“<br>- на барање, покажува еден било кој дел од тело |
| **20 месеци** | - именува познат објект како одговор кога е прашано „што е ова?“ |
| **22 месеци** | - покажува 4 од 8 слики или ги именува вербално |
| **24 месеци** | - на налог покажува најмалку 3 делови од тело<br>- следи и извршува 2-чекорни инструкции , пр. земи ја чашата и стави ја на маса |
| **26 месеци** | - покажува 8 од 12 слики или ги именува со збор<br>- на зададен налог просторно распределува објект „на“ и „под“ пр. стави ја топката под маса“ |
| **29 месеци** | - го разбира значењето „големо“ и „мало“ |
| **30 месеци** | - разбира 2 од 3 прашања и покажува на слика „што лета?“„ што се вози?“, „што плови?“ |
| **34 месеци** | - на налог покажува 7 делови од тело |
| **36 месеци** | - разбира 2 од 3 предлози (на, покрај, под)<br>- разбира реченици кои содржат 3 зборови носачи на значење во себе , пр. стави ги *книгата* и *чашата* на *маса* |
| **40 месеци** | - ја знае и ја опишува намената на објекти кои се користат секојдневно пр. што правиш со чешел, лажица, чаша |
| **40 месеци** | - препознава физиолошки потреби и вербално ги искажува (гладен сум/ жеден сум/ уморен сум) |
| **42 месеци** | - препознава најдолга од нацртани 3 линии<br>- без помош од гестови и без повторување на налог умее да следи 3 меѓусебно неповрзани инструкции, пр. „плесни со рацете, тропни на вратата и скокни“ |
| **48 месеци** | - разбира реченици кои содржат 4 зборови носачи на значење во себе |
| **60 месеци** | - разбира реченици кои содржат 5 зборови носачи на значење во себе<br>- разбира временски и секвенционални концепти . прво/потоа/последно |

| Скала на персонално-социјален развој и игра, 0-12 месеци | |
|---|---|
| **Новороденче** | - се смирува ако го земат во раце |
| **Крај на 1.месец** | - кога ќе здогледа некое лице го следи |
| **Крај на 2.месец** | - социјална насмевка<br>- фиксира лице кое се движи и го следи<br>- интерактивна имитација на насмевки<br>- покажува реакција на социјални игри<br>- се чини дека препознава кога ќе биде понудено за доење |
| **Крај на 3.месец** | - постојана социјална насмевка |
| **Крај на 4.месец и 5.месец** | - ако го задеваат, се смее гласно<br>- се обидува да го држи шишето со двете раце кога го хранат<br>- реагира на својот одраз во огледало<br>- истражува објекти и играчки : ги набљудува од блиску, ги допира, ги става во уста и ги удира |
| **Крај на 6.месец** | - различно се однесува кон познати и непознати личности<br>- интерактивна имитација на насмевки, фацијална експресија и извици<br>- реакција на очекување при социјални игра „лази буба“, „ѕе“<br>- посегнува по објект кој не е на дофат |
| **Крај на 7.месец** | - внимателно следи што прави испитувачот или личноста која е со него |
| **Крај на 8.месец** | - радосно реагира на игри на криење (Ѕе)<br>- следи показен гест кога некој му посочува кон објект/личност<br>- се повлекува или се плаши од непознати лица<br>- пие течност од чаша која ја држи возрасен<br>- самостојно се послужува со сува храна (бисквита, леб) |
| **Крај на 9.месец и 10.месец** | - користи показен гест за да привлече внимание на други посочувајќи кон објект<br>- игра со акциони играчи и се појавува разбирање на причинско-последична врска<br>- на барање подава играчка / објект кој го држи во рака (може и да не го даде)<br>- учествува со поткревање на рацете и протнување низ ракави кога го облекуваат |
| **До 12.месец** | - ако добие налог со гест или со збор, го дава предметот на лицето кое ја дало командата<br>- социјало упатување – се повлекува/ ја проверува реакцијата на негувателот во нова ситуација<br>- учествува со поткревање на нога при облекување на чевли<br>- фрла или тркала подадена топка за да ја продолжи играта<br>- игра со плишана играчка така што ја прегрнува |

| Скала на персонално-социјален развој и самостојност , 1-5 години | |
|---|---|
| **13 месеци** | - држи лажица и само ја принесува до уста<br>- здружено внимание |
| **14 месеци** | - може да одбие активност со одмавнување на главата<br>- изразува желба за некој предмет со мимика<br>- се обидува да привлече внимание или се обидува да покаже нешто преку повлекување за рака или за облека |
| **16 месеци** | - само држи чаша додека пие<br>- соблекува чевли или капа<br>- нуди играчка на својот одраз во огледало<br>- се приближува до родителот нудејќи му го објектот за да побара помош (на пр. да навие играчка на навивање или да отвори капаче на кутија) |
| **17 месеци** | - имитира едноставни домашни активности (фрла отпад во корпа, се обидува да се храни со лажица, чешла коса) |
| **19 месеци** | - гали кукла или плишано мече |
| **20 месеци** | - ја тркала топката кон мајката или испитувачот<br>- развива смисла за себе -препознавање во огледало<br>- почнува да користи виљушка<br>- помага при раскревање на играчките |
| **22 месеци** | - помага во домашните работи, извршува едноставни активности<br>- избегнува препреки при игра со играчка на тркала |
| **23 месеци** | - мие и брише раце |
| **24 месеци** | - почнува да изразува емоции преку зборови<br>- развива смисла за себе-препознавање на слики<br>- изразува емоции за самосвесност како засрамување |
| **26 месеци** | - останува кај познати кратко време<br>- без помош јаде храна од чинија |
| **28 месеци** | - умее да соблече јакна |
| **29 месеци** | - се грижи за кукла или мече |
| **30 месеци** | - игра на улоги и појава на кратки секвенци на имагинативна игра со замена на објекти (на пример кутијата е кола)<br>- почнува да разбира дека другите може да размислуваат и да веруваат различно<br>- одговара на туѓата експресија на вознемиреност преку нудење на утеха<br>- поткрева пантолони кои се навлечени до над зглобовите |
| **34 месеци** | - изразува желба во „јас“ форма |
| **36 месеци** | - се придржува кон правила на игра: еднаш јас, еднаш ти<br>- почнува да споделува играчки со врсници<br>- умее самостојно да соблече парчиња облека |

| | |
|---|---|
| | - си го знае своето име и кој пол е |
| **42 месеци** | - се послужува земајќи храна од еден сад во друг користејќи прибор |
| **45 месеци** | - во вистинско време ја искажува потребата од тоалет |
| **48 месеци** | - разбира дека верувањата на другите луѓе може да не бидат точни – разбирање на погрешното верување<br>- почнува да преговара со другите со цел одржување на комуникација<br>- создавање на сценарија со фантазија преку употреба на минијатурни играчки или замена на објекти<br>- мие раце со сапун и вода и ги брише со крпа самостојно<br>- става паста на четката и ги четка забите (може да има пропусти во четкањето) |
| **54 месеци** | - дава соодветен одговор на основни социјални прашања (име, презиме, години, место на живеење, пол)<br>- се облекува и соблекува самостојно вклучувајќи и запетлување на копчиња со средна големина и затворање преден патент |
| **60 месеци** | - следење на правила за групни игри во соработка со други деца<br>- самостојно се облекува и шнира<br>- самостојно мие лице и раце со сапун и вода и ги брише со крпа<br>- самостојно користи тоалет (се соблекува, седнува, пушта вода, се облекува- може да биде потсетено ) |

## Табеларен приказ на примитивните рефлекси

| Име на рефлекс | Опис | Возраст на појавување | Возраст на интегрирање | Знаци и симптоми на неинтегрирани рефлекси |
|---|---|---|---|---|
| **Моро рефлекс** | • Се смета како одговор „бори се или бегај“ - активирање на симпатичкиот нервен систем<br>• Предизвикан од ненадејна неочекувана дразба од било кој вид<br>• Рацете и нозете се поместуваат нанадвор, пропратени со брзо вдишување, потоа замрзнуваат моментално, по што рацете и нозете се спуштаат назад и детето издишува<br>• Пропратено со можен излив на плач | Почнува да се развива 9 недела интраутерино | 2-4 месеци по раѓањето | • Преосетливост/реактивност<br>• Лоша контрола на импулсите<br>• Проблеми поврзани со вестибуларниот систем, како што е појава на гадење при движење, лоша координација (забележлива во игрите со топка)<br>• Проблеми со окуломоторна и визуелна перцепција<br>• Лоша контрола на зениците (чувствителност на светлина)<br>• Лоша аудитивна дискриминација<br>• Не сака промени или изненадувања |
| **Палмарен рефлекс** | • Лесен допир или притисок во пределот на дланката ќе предизвика затворање на прстите | Почнува да се развива во 11 недела интраутерино | 2-3 месеци по раѓањето | • Слаба мануелна умешност/фини моторни вештини<br>• Слаби вештини за пишување (неуредно пишување или премногу силно притискање)<br>• Тешкотии во говорот (однос на рацете и устата преку одговорот на Бабкин рефлексот) |
| **Асиметричен тоничен вратен рефлекс (ATNR)** | • Движењето на главата на бебето на едната страна ќе резултира со продолжување на раката и ногата на страната на која главата е свртена и свиткување на екстремитетите на другата страна од телото<br>• ATNR помага при вагинално раѓање (изнаоѓање на родилниот канал) | Почнува да се развива во 18 недела интраутерино | Приближно 6. месец по раѓањето | • Рамнотежата може да биде нарушена како резултат на движење на главата на двете страни<br>• Хомолатерални, наместо нормални вкрстени (дијагонални) движења при одење, марширање, прескокнување итн.<br>• Тешкотии во преминување на средишната линија<br>• Слаби окуларни движења (следење на очите)<br>• Тешкотии со координација рака-око<br>• Лош ракопис и слабо изразување на идеите на хартија |
| **Рефлекс на барање** | • Рефлекс на пребарување, цицање и голтање<br>• Лесниот допир на образот или стимулацијата на работ на устата ќе предизвика бебето да ја сврти главата кон стимулот и да ја отвори устата како подготовка за цицање | Почнува да се развива во 24-28 недела интраутерино | 3-4 месец по раѓањето | • Преосетливост околу усните<br>• Јазикот може да остане премногу напред во устата – инфантилно голтање (го отежнува голтањето и џвакањето одредени видови храна)<br>• Проблеми со говорот и артикулацијата<br>• Слаба мануелна умешност (одговор на Бабкин рефлекс) |
| **Спинален галантов рефлекс** | • Помага при процесот на дишење<br>• Додека детето е во пронирана лежечка положба (на стомак), стимулацијата на грбо со прст или пенкалце на едната страна покрај 'рбетот (паравертебрално) ќе резултира со флексија на колкот (ротација) до 45 степени кон страната на стимулот | Почнува да се развива во 20 недела интраутерино | 3-9 месец по раѓањето | • Клатење<br>• Мокрење во кревет<br>• Слаба концентрација<br>• Слаба краткотрајна меморија<br>• Еднострани или билатерални постурални проблеми |

# Табеларен приказ на примитивните рефлекси

| Име на рефлекс | Опис | Возраст на појавување | Возраст на интегрирање | Знаци и симптоми на неинтегрирани рефлекси |
|---|---|---|---|---|
| Тоничен лабиринтен рефлекс (TLR) | • Се забележуваат два дела на овој рефлекс: флексија (напред) и екстензија (назад)<br>• Основа за управување со главата и постурална стабилност со користење на главните мускулни групи<br>• Рефлексот се предизвикува со движење на главата напред (флексија) или наназад (екстензија), или над или под 'рбетот<br>• TLR врши тонични влијанија врз дистрибуцијата на мускулниот тонус низ телото - му помага на бебето да се „исправи“ од свитканата положба во матката<br>• Балансот, нормализирање на мускулниот тонус (рамнотежа помеѓу флексорните и екстензорните мускули) и проприоцепцијата се развиваат за време на овој рефлекс | **<u>Флексијата</u>:** започнува да се развива интраутерино<br>**<u>Екстензијата</u>:** Присутна е при раѓање | **<u>Флексија</u>:** Околу 4. месец по раѓањето<br>**<u>Екстензија</u>:** До 3 години | • Лоша постуралност - наведнување (флексија) одење на прсти (истегнување)<br>• Хипотонија - слаб мускулен тонус (флексија), вкочанети непредвидливи движења<br>• Вестибуларни проблеми (лошо чувство за рамнотежа, гадење при движење) - (флексија и екстензија)<br>• Окуломоторни дисфункции - визуелно-перцептивни потешкотии и проблеми со просторната перцепција<br>• Лошо секвенционирање<br>• Не им се допаѓаат спортски активности<br>• Лошо чувство за време (слаба ориентација во време)<br>• Слаби организациски вештини |
| Симетричен тоничен вратен рефлекс (STNR)* | • Се забележуваат два дела на овој рефлекс: флексија (напред) и екстензија (назад)<br>• Кога детето е поставено да се потпира на сите четири екстремитети, флексијата на главата предизвикува свиткување (флексија) на рацете и екстензија (испружување) на нозете<br>• Екстензијата на главата (наведнување кон грбот), од друга страна, предизвикува свиткување (флексија) на нозете иекстензија (исправување) на рацете.<br>• Му помага на детето да ѝ пркоси на гравитацијата со тоа што ќе се крене од подот потпирајќи се на рацете и на колената.<br>• Помага да се инхибира TLR и го формира мостот до следната фаза на развој | И флексијата и екстензијата се појавуваат околу 6-9 месец по раѓањето | И флексијата и екстензијата исчезнуваат околу 9-11 по раѓањето | • Лоша постуралност<br>• Склоност да „падне“ (да се лизга) кога седи особено на биро/маса<br>• Мајмунски од (одење како мајмун)<br>• Лоша координација рака-око, (особено се забележува при копирање од табла)<br>• Неможност да седи мирно и да се концентрира |
| Ландау рефлекс* | • Помага да се инхибира TLR и го формира мостот до следната фаза на развој<br>• Го зафаќа екстензорниот тонус низ телото во лежечка положба ако бебето е суспендирано (легнато на стомак) во воздух со поддршка под стомакот<br>• Помага во развојот на постуралноста на телото | 4-5 месец по раѓањето | 3.5 години од животот | • Влијае на развојот на рамнотежа и мускулен тонус во услови кои брзо се менуваат<br>• Трча со вкочанети непријатни движења<br>• Тешко скока и прескокнува |
















1
2



## Библиографија

Borgenicht, L., Borgenicht, J. (2014). *The baby's owner manual.* Pennsylvania, USA, Quirk publishing (ISBN: 9781594745973)

Kail, R.V. (2001) *Children and their development.* USA,Prentice Hall (ISBN 0-13-086765-9)

Rogers, S.J. Williams J.H.G., (2006). *Imitation and the social Mind.*New York, The Guilford Press (ISBN-10:1-5938-311-4)

Sharma, A., Cockerill, H. (2014). *Practical developmental examination.* Oxon, Routledge. (ISBN 13: 978-0-415-83458-2)

Sheridan, M.D. (2008). *From birth to five*. USA, Routledge (ISBN 0-203-93579-9)

Steel, S. (2015). *Baby play for every day.* New York, DK Publishing (ISBN 978–1–4654–2969–8)

Ајдински, Г., Кескинова, А., Мемеди, Б. (2016). *Интелектуална попреченост.* Тетово: Универзитет во Тетово.

Каровска Ристовска, А. (2021). *Рана интервенција и едукација на деца со оштетен слух.* Скопје: Филозофски факултет. (ISBN 978-608-238-202-9)

Лозановић, Д., Радивојевић, Д., Рудић, Н. (2013). *ПОДРШКА РАЗВОЈУ ДЕЦЕ У РАНОМ ДЕТИЊСТВУ.* Београд, Удружење педијатара Србије (ISBN 978-86-85527-15-9)

Чичевска-Јованова Н., Рашиќ-Цаневска О. (2013). *Рана интервенција на деца родени со фактор на ризик.* Скопје: Филозофски факултет. (ISBN 978-608-238-033-9)

# Прирачник

## ЗА РАНА ДЕТСКА ПРОЦЕНА (ОД РАЃАЊЕ ДО ПЕТ ГОДИНИ)

Вештините како правењето на првиот чекор, првата социјална насмевка и движењето со раката за „чао“ се нарекуваат развојни одредници. Децата доаѓаат до овие одредници во нивната игра, учењето, зборувањето и движењето.

Раната идентификацијата на развојни тешкотии е од голема важност за развојот на детето. За да се воспостави систем за ефикасна рана идентификација и рана детска интервенција потребно е креирање на стандардизирани инструменти за скрининг и процена.

Овој прирачник е направен во рамките на Erasmus+ KA220-HED проектот UPDEIT (Updating University Curricula on Early Intervention) од страна на експертите од четири организации: Универзитет Св. Кирил и Методиј и „Училница Даскаловски“ од Македонија, Фредерик Универзитетот од Кипар и Универзитетот де ла Лагуна од Шпанија. Наменет е пред сè за професионалци во областа на раната детска интервенција, специјални едукатори и рехабилитатори, логопеди, педагози, психолози, но и родители на деца со развојни тешкотии.

2021-1-MK01-KA220-HED-000022981
ISBN: 978-608-66978-0-8